УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ''- СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОГИЈА

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

# Влијанието на религијата врз мултиетничките односи кај младите во Скопје

КАНДИТАТ: ИЛХАН ЕМИНОВ

МЕНТОР: Проф. д-р ЗОРАН МАТЕВСКИ

# СОДРЖИНА

Вовед ........................................................................................................ 3
**О**дредување на поимот религија**,** елементите и функциите на религијата ............. 5
1.1 Дефинирање на основние поими на истражувањето
1.2 Што е религија ... ........................................................................................ 6
2.Дефинирање на религијата.............................................................................7
3.Елементи на религијата ................................................................................ 18
3.1.Верувањетовонатприродното ...................................................................... 19
3.2. Ритуали и обреди ...................................................................................... ....21
3.3 Симболи....................................................................................................... 23
4. Функции на религијата ...............................................................................25
4.1,4.2Емоционална и општествено интегративна контрола............................. .. 26
4.3. Поглед на светот.............................................................................................28
4.4 Етичка функцијана религијата........................................................................30
4.5. Психолошка функција на религијата..............................................................33
4. Етнички односи ............................................................................................. 36
4.1. Потеклото на зборот етнос ........................................................................... 36
4.2. Појмовно одредување на етничка група и етноцентризам........................ 37
4.3. Карактеристиките на етнчките односи ....................................................... 40
5. Образованието и етничките односи .............................................................. 41
6. Културата и етничките односи .................................................................... 47
7. Методолошка поставеност на истражувањето ................................................53
8.ЦелинаистражувањетоНаучнаиопштественацелнаистражувањето.......................54
9.Задачи и Предмет на истражување.................................................................. 55
10.Хипотези на истражувањето,генерална и посебна хипотеза...............................57
11. Методи и техники на истражување ................................................................ 58
**VII** Резултати од длабинско интервју .................................................................60
11.Заклучнисогледувања од спроведеното интервју ..............................................72
12Резултати од анкетно истражување...................................................................73
13.Заклучоци од анкетно истражување..................................................................98
14. Општи заклучоци............................................................................................101
15Библиографија..................................................................................................103
Прилози .............................................................................................................. .107
Прилог 1 .............................................................................................................. .108

## Вовед

Мотивите за избор на оваа тема за магистерски труд се различни. Во Р. Македонија општеството е мултиетничко, мултикултурно и мултиконфесионално. Овој мултикултурен карактер на македонското општество влијае врз општествено-политичките состојби во Р. Македонија. На Балканот живеат припадници на различни етнички групи. Во Република Македонија, исто така, живеат Македонци, Албанци, Турци, Босанци, Роми , Срби, Бугари, Власи и др .

Р. Македонија отсекогаш била мост по кој поминувале, живееле и живеат различни припадници на вери, етнички групи, култури итн. И покрај овие различности, во Р. Македонија, пред се, преовладува толеранцијата кон различностите. ...“По распадот на социјализмот една од суштинските карактеристики на општествата во некои држави на Балканот (Србија, Бугарија, Црна Гора, Албанија, Р.Македонија, Р.Косово) беше процесот на ревитализација на религијата. Во тоа време во Р. Македонија се случија големи и драматични општествени промени. Процентот на невработеност екстремно се зголемуваше, а сиромаштијата чукаше на вратите од голем број семејства, особено од нискиот општествен слој. Бројот на девијантните појави (алкохолизам, наркоманија, проституција, малолетничко престапништво, криминал, убиства, самоубиства итн.) рапидно растеше и во апсолутни бројки и во проценти, особено кај младите. Очигледна беше и кризата во темелните семејни односи и кризата во образовниот систем, во исто време, како две носечки социолошки институции. Сето тоа резултираше со пад на моралните норми и вредности, посебно кај младата популација. Кризата на секуларизацијата се манифестираше и со блискост на одредени политички партии со верските заедници. Видлив е моментот кога религиозноста стана дел од кодот на однесувањето на одредени политичари. Се забележа и зголемено дејствување на двете најголеми конфесионални заедници Исламската верска заедница и Македонската православна црква кои придонесоа за kолорит на факторите кои влијаат врз формирањето на младите (Матевсkи ,

2005:15)". ..."Во малиов, сложен свет во дваесет и првото столетие постои се пораспространета свест за значањето на религиите и верувањата. Ова е придружено со се поголема желба, а, се разбира, и потреба за веродостојно и достапно знаење. Религиите не само што придонесуваат за втемелувањето на цивилизациите во текот на целата историја туку и непосредно влијаат врз современите меѓународни односи и важните настани во светот (Лајонов, Речник,2005:10)".

Религијата има свои длабоки корени во општеството. Иако се работи за историска категорија нејзиното значање е присутно и во современото општество. Религијата го следи човекот од самото раѓање при што се воспоставува еден меѓусебен однос помеѓу човекот и религијата. Религијата нуди решенија на многу прашања за кои се бараат одговори. Тоа ја прави религијата да биде актуелна и прифатлива од сите групи во општеството вклучувајќи ги и младите. Па, така манифестирањето на религиозноста во основа претставува показател за прифатеноста на религијата од страна на младите.

# I ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОИМОТ РЕЛИГИЈА, ЕЛЕМЕНТИТЕ НА РЕЛИГИЈАТА И ФУНКЦИИТЕ НА РЕЛИГИЈАТА

## 1.1. Дефинирање на основните поими на истражувањето

Основни поими на оваа истражување се: религијата и етничката група

## 1.2. Што е религија?

..."Самиот термин религија според едни научници има потекло од зборот "religare" што значи врска, а според други научници религијата подразбира отстранување на еден предмет од профана употреба и негово осветување и посветување на Бога (Schmid, 1972:25)".

..."За некои религијата претставува начин на живеење на една група луѓе, а за други претставува верување во нешто што е поголемо од човекот-потрага по божествено суштество или божествена реалност. Вилхелм Шмит верувал дека поимот „севишен Бог"е заеднички за сите религии (Schmid, 1972:68)" . ..." Некои други религијата ја сметаат како збир на специфични дејства. Според Кант субјективното сфаќање на религијата значи признавање на сите должности како Божји заповеди (Kant, 1960:63)".

При дефиниција на религијата некои научници се потпираат врз нивното лично искуство, други врз општествените аспекти, а трети мислат дека најдобар начин за дефинирање на религијата е да се спознаат причините, корените на религијата. ..."Емил Диркем ќе истакне дека религијата е унифициран состав на верувања и практики поврзани со светите нешта, т.е. со она што е издвоено и забрането (Dirkem, 1982:89)".

Мелфорд Спиро предложил супстанцијална дефиниција за религијата. Според него ...“религијата е институција сочинета од културно дефинирани интеракции со културни постулирани натчовечки суштества (Spiro, 1962:78)“. Под поимот „институција“ оваа дефиниција упатува на социјално обликуваните обрасци на однесување и верување.

Сите институции вклучуваат верување, обрасци на дејствување и вредносни системи. ...“Главни особини на религијата се: верувањата, обрасците за дејствување и вредностите кои упатуваат на „натчовечки суштества“ (Spiro, 1966:26)“.

## 2.Дефинирање на религијата

Сепак и покрај тешкотиите во дефинирањето на религијата и религиозноста, секој истражувач при истражувањето на религијата треба да има прецизна и јасна дефиниција за религијата, бидејќи прво и основно начело во социолошките истражувања е дефинирањето на поимите. ...“Иако никој не е сигурен за вистинското потекло на зборот, познато ни е дека зборот „религија“ потекнува од латинскиот јазик и јазиците што се под влијание на латинскиот имаат соодветни изрази за англискиот збор „религија“. Тоа што во британската наука порано се нарекувало „споредна религија“ во Германија е познато како „*Religionswissenschaft*“, систематско проочување на религијата (или *Wissenschaft*), а во Франција е познато како “*les scinces religieuses*”.

Старите зборови со кои ја проучуваме „религијата“ немаат никаква врска со денешниве значања зашто, изгледа, се создадени од зборови што значеле да се води сметка за некоја дејност (*religire)* или нешто цврсто да се сврзе (*religare)*. Религијата денеска обично се употребува да ги означи верувањата, однесувањата и општествените институции што имаат врска со размислувањата за следниве работи: потеклото , смислата и значењето на вселената ; што се случува по смртта ; постоење и барање на моќни нечовечки суштества како што се духови предци, ангели, демони и богови и начинот на кој сево ова го обликува однесувањето на

човекот. Бидејќи сево ова се однесува на невидлив, т.е., неемпириски свет што се наоѓа надвор , или на другата страна на човечката историја, обично се мисли дека работите што не ги нарекуваме „религиски“ се во спротивност со институциите што ги нарекуваме „политички“. Поради тоа се раководиме од претпоставката дека, додека религијата е прашање на лично верување што не може никогаш да се подведе под рационална расправа, работите, како што е политиката, се забележливи, јавни и така отворени за рационална расправа ( Лајонов,2005:10)“.

Религијата со текот на времето не ги губи нејзините суштини: верувањето, елементите и функциите, туку напротив ги зацврстува и секогаш ќе биде дел од човекот и општеството. Но, динамичноста на општествените достигнувања се причина верниците за неа да дадат различни дефиниции кои се разликуваат од тие во минатото. Исто е и со другите луѓе кои имаат неутрален однос спрема религијата. ...“Голем број од првите автори во областа на општествено-научните студии за религијата биле едно или комбинација од следново :

1. Функционалисти-тие ја објаснувале религијата само во смисла на нејзиното функционирање во животот на луѓето, идивидуално или општествено .
2. Проекционисти-тие тврделе дека религијата е премин на нечие лично или општествено искуство во “проектираната“ трансцендентална сфера.
3. Еволуционисти-според нив религијата почнала во определена фаза од развојот или еволуцијата на човештвото, а потоа со текот на времето еволутивниот процес почнува да исчезнува, всушност, потребата за религија пропорционално атрофира, за на крај сосема да исчезне .
4 Редукционисти- тие ја сведувале религијата само на едно нешто, што најчесто било мошне прикриено ( Лајонов,2005:16)“.

Религијата е една од најмоќните, длабоко почувствувани и влијателни сили во човечкото општество. Таа го обликува меѓусебните односи на луѓето, влијаејќи врз

семејството, заедницата, економијата и политиката. Религиските верувања и вредности го мотивираат човековото дејствување, а религиските групи ги организираат нивните колективни религиски изразувања.

..."Религијата е значаен аспект на општествениот живот, а социјалната димезија е посебен дел од религијата. Религијата е мошне важна за многу луѓе. Религиските практики се значаен дел од животот на многу индивидуи. Религиските вредности влијаат врз многу човекови дејствија, а религиските значања им помагаат во толкувањето на нивните искуства. Религијата е значаен предмет за социолошко проучување поради нејзиното влијание врз општеството и обратно, влијанието на општеството врз неа. Анализата на оваа динамична врска изискува испитување на зависноста меѓу религијата и другите аспекти на општеството (Mekgir, 2005:8)".

Разновидноста во дефинирањето на религијата е голема и неизбежна бидејќи религијата е општ феномен. За нејзино дефинирање треба да се имаат предвид многу фактори бидејќи религијата иако во различен облик е обележје на сите човечки заедници. Во зависност од интелектуалното напредување на општеството, религијата во некои периоди била прифатена во буквална смисла, односно во минатото биле ретки случаите кога кон религиските наредби и забрани се гледало повеќе од површниот дел. Во секое општество низ историјата среќаваме одреден вид религиски верувања.За разлика од минатото во денешно време поради унапредувањето на технологијата,поголемото право на мислење и изразување за религиските норми, зголемен е интересот на верниците околу познавањето на причините на верските забрани и дозволи. ..." Религиските верувања се различни и многубројни. Треба секогаш да се има предвид овој феномен при дефинирањето на поимот религија. Меѓутоа, многу е тешко да се даде дефиниција која би била доволно широка да ги опфати сите тие разновидности при дефинирањето на религијата, а притоа да не се опфатат феномени за кои обично самите не сметаме дека се религија (Haralamboc I Holborn, 2002:504)". Како резултат на тоа постои голема разновидност кај многу автори во дефинирањето на религијата. Повеќето од

нив го истакнувале само некој нејзин аспект како најважен и притоа ги придодавале останатите. При дефинирањето неопходно е да бидат опфатени сите елементи кои се значајни како за современите религии така и за примитивните религии.

..."Така на пример, меѓу истражувачите на религијата има несогласувања околу тоа: Дали верувањето во Бога или натприродното битие е карактеристика која е заедничка за сите религии? Според едни, замислата за Бог или за натприродното битие не е карактеристика на примитивните религии (за нив е карактеристично замислата за духовите). Разликите и сличностите на посебните религии овозможуваат нивно меѓусебно споредување. Тие разлики и сличноти треба да бидат опфатени со заедничка одредба за религијата. Религијата сфатена како општ поим мора по нешто да се разликува од посебните религии. Мора да се утврдат некои заеднички критетиуми, елементи според кои нешто ќе се оценува како религија. Мал е бројот истражувачи кои се согласасуваат на единствено дефинирање на религијата и религиозноста. Постоењето на многу одредувања на религијата и религиозноста се должи пред се како на самата сложеност на религијата и религиозноста така и на различните агли на гледање отелотворени во многубројни дисциплински пристапи, а во нивните рамки и различни теориски сфаќања. Така, и самиот социолошки пристап кон религијата и религиозноста не е единствен. Разликите во пристапот се уочуваат на ниво на глобалните социолошки теории како, на пример: функционалистичката, марксистичката и феноменолошката (Haralambos i Holborn, 2002:502)". Така, религијата можеме да ја сведеме под класата човечка културна активност или производство воопшто. ..."Религијата е еден облик на културна активност (дејност) со која човекот го сознава светот, го прилагодува на своите потреби и влијае на него. Карактеристика на религиските активности или производството е тоа што во неа човекот, за да влијае на природата и за да ја објасни својата положба во светот, се обраќа кон натприродните сили, кон онострането, кон битието од другата страна. Накратко, на

почетокот, религијата може да се дефинира како вера во надворешниот свет или како врска на човекот со натприродното битие, или како верување во Бога (Pavičević, 1980 : 11)". Павичевич смета дека религијата е човечко однесување со кое човекот се обидува да објасни некои феномени кои не се буквално негов производ, туку се нешта поголеми од него, дела кои се под влијание на некои други сили врз кои човекот има малку влијание. Исто така, потенцира дека религијата во човекот е присутна во моментот кога тој има потреба за нешто нечовечко или за да ги објасни појавите што се случуваат околу него. Ентони Гиденс истакнувајќи ја различноста на религиските верувања и неможноста религијата да се дефинира со нејзино сведување само на еден нејзин сегмент, прави разграничување на она што не може да е религијата и она што е религијата всушност. Според Гиденс, ..."религијата не треба да се изедначува се монотеизмот ниту пак со моралните регулативи. Исто така, религијата не мора секогаш да се занимава со објаснувања за настанувањето на светот онаков каков што е, или да се изедначува со натприродното. Според Гиденс карактеристиките кои се заеднички за сите религии се однесуваат на следниве елементи: религијата секогаш подразбира постоење на една низа симболи со кои се предизвикува чувство на почитување и стравопочитување, важни обреди и церемонии во кои учествува заедницата на верници (Gidens 2001:272)".

Според Гиденс не се смета за дефиниција на религијата ако се насочиме само кон еден нејзин сегмент, туку според него сите дефиниции за религијата треба секогаш да бидат проширени опфаќајќи ги сите нејзини елементи. Според него не треба секогаш човечкото однесување да биде мотивирано од религијата, не треба секогаш човекот да и се обрати на религијата за помош или објаснување на човечките дела без разлика дали се научни достигнувања или морални вредности. Исто така, вели дека поради постоењето на вери кои имаат различни начини на верување не треба секогаш да се каже дека верата подразбира верување во монотеизам. Шушњиќ при дефинирањето на религијата поаѓа од тоа дека

религијата примарно мора да се дефинира по својата суштина, а не по својата функција. За да дојде до дефиниција на религијата, Шушњиќ анализира осум познати дефиниции на религијата и преку нивна анализа и критика доаѓа до сопствената дефиниција.

Прво, ја анализира и ја подложува на критика дефиницијата на религијата како верување во Бога. Го поставува прашањето: каде би ги сместила религиите без Бог какви што се анимизмот, будизмот и другите? Според Шушњиќ,..." постоењето на религијата не е условено од постоењето на боговите. Боговите доаѓаат и заминуваат, но религијата останува".

Второ, при дефинирањето на религијата како верување во светото, го поставува прашањето: ..."што да се прави кога натприродното не е свето, а светото е натприродно? Шушњиќ како пример го наведува христијанството каде ѓаволот и лошите духови се третираат како натприродни, но не се и свети. Поимот свето е поширок од поимот натприродно. Во Индија за оние кои веруваат, кравата е нешто повеќе, односно таа е свето животно.

Трето, дефиницијата на религијата како верување во натприродното не ги опфаќа оние религиозни учења кај кои Бог не е над и под природата туку во самата природа, односно каде што Бог и природата се едно нешто".

Четврто, со дефинирањето на религијата како духовен израз на зависноста од натприродните или природните сили, се поставува прашање: ..."дали сите религиски чувства можеме да ги сведеме на чувство на зависност? Ако зависноста подразбира подреденост тогаш имаме авторитарна религија, иако знаеме дека според некои религиски учења Бог со одредени, одбрани народи склучил договор или сојуз кој ги обврзува двете страни.

Петто, со прифаќањето на дефиницијата дека религијата е рамка за ориентација во светот, свет кој е полн со неизвесности и несигурности, прифаќаме дека некои филозофско-етички системи се всушност идеи на религијата, бидејќи и тие нудат

вредности и норми со помош на кои верникот може да се снајде во светот полн со изненадувања и закани.

Шесто, ако ја прифатиме дефиницијата дека религијата претставува обид за изградба  на светот на редот наспроти светот на нередот, тогаш скоро сите човекови дејности или установи би имале религиска смисла, бидејќи откриваат, внесуваат и создаваат ред. Тогаш би се изгубила разликата помеѓу религиозното и нерелигиозното однесување.

Седмо, ако всушност религијата се сите оние идеи, верувања и дејствија кои се поврзуваат со прашањата за конечната смисла за животот и смртта, тогаш, дали под религиозност да се подразберат и филозофијата и книжевноста кои, исто така, бараат одговор на овие прашања.

Осмо, со дефинирањето на религијата како облик на општествена свест, се поставува прашањето во што се разликуваат религијата и идеологијата? Со ова ако религијата се сведува на рационално спознавање на светот, тогаш како е можно да се опише со зборови при што ќе се занемарат нерационалните елементи на религијата“.

Ограниченоста на сите овие дефиниции на религијата, според Шушњиќ се состои во тоа што целосно не ја опфаќаат разновидноста на религиозните искуства и тие се ограничени на еврејското и христијанското искуство. Исто така, тој потенцира дека овие...“ дефиниции не прават јасна разлика помеѓу религиските и нерелигиските идеи. Јазикот кој се користи за дефинирање на религија е доста непрецизен и повеќето од овие дефиниции се прешироки или претесни (Śuśnjić, 1998:50)“. Овие критики што ги изнесовме од страна на Шушњиќ нам ни даваат право  да сфатиме дека според него религија претствува верување во сето она што е совршено, невидливо или со еден збор кажано верување во апсолутна и мистична моќ. Исто така, според Шушњиќ религија претставува тоа од што зависи човекот, поточно тоа што му го контролира светот на човекот.

Според Диркем религијата во основа произлегува од човечкиот карактер и е интегративен фактор во општествениот систем и фактор за негова стабилност и хармонично функционирање. Во оној момент кога ќе се признае дека безличниот ум е само второто име за колективното мислење исчезнува секоја мистерија.

Со еден збор кажано, во нас постои бесличното зашто истовремено постои и општественото и бидејќи општествениот живот во исто време ги опфаќа претставите и дејствијата, таа бесличност се однесува и на идеите и на делата. Религијата треба да ја разгледуваме во нејзината конкретна стварност и да го излвечеме она што е заедничко, бидејќи религијата може да се објасни само ако ги имаме обележјата кои се пронаоѓаат секаде каде што таа постои. Религијата не е ништо друго туку колективна моќ на општеството над поединецот. ..."Религијата е систем од идеи со кои поединците си го објаснуваат општеството во кое живеат и своите нејасни, но блиски односи со него". Но, религијата не е само систем на верувања и поми, туку таа е систем на дејствување во кој ритуалите заземаат централно место. Моралните и општествените чувства јакнат и се обединуваат со учеството во верските обреди и свечености. Ритуалите ја создаваат и одржуваат општествената солидарност и единството (Dirkem, 1982:24-25)".

Овој поглед кон религијата, според Диркем, не навлегува да ги анализира трансцеденталните моменти што ги поседува скоро секоја религија, т.е. делот што зборува за метафизичкото и ирационалното. Диркем тоа не го допира, туку ставот спрема религијата во неговата дефиниција ја градел потпирајќи се само на тоа што произлегува од религијата, поточно надворешниот дел и тоа насочувајќи се само во тие религиски феномени кои се заеднички (ритуалите) и како такви можеме секаде да ги најдеме . Диркем на религијата и дава релативен карактер, а не апсолутен каков што самата религија го поседува во нејзиниот корен и учење дека е од Бог. Диркем вели дека произлегува од човекот и со одржување, манифестирање на различни ритуали религијата се претвора во општествена моќ која на своите верници им дава стабилност за фунцкионирање и создавање морални вредности.

Некои автори при определувањето на религијата повеќе ја истакнуваат нејзината субјективна страна, т.е. индивидуалното доживување, додека други истакнуваат дека религијата претставува посебна и специфична организација. ...“Религијата е широк поим во кој свое место наоѓаат религиозноста и конфесионалните заедници. Тоа значи дека религијата е мултидимензионална, субјективна и објективна, индивидуална и колективна појава. Религијата е широк поим каде свое место наоѓаат како религиозноста така и верските заедници (Костовски, 1972:31)“. Во ова истражување ќе се обидиме да го опфатиме прашањето на религиозноста, односно прошироноста на одредени облици на религиозно однесување на нашата младина, преку согледување на прашањата поврзани со партиципацијата на младите во верските обреди како и влијанието на ставовите кон религијата и кон останатите облици на однесувањето на младите. Денес поимот религиозен е толку дифузен што е тешко да се одреди една јасна граница помеѓу она што се смета за религиозно и она што не е. Доста е тешко дури и невозможно со еден термин да се одреди и да се изрази односот помеѓу внатрешното религиозно искуство и надворешните облици на религиозност.

...“Во почетокот на социолошките истражувања преовладувал терминот црковна религиозност. Меѓутоа денес се повеќе се зборува за нецрковна религиозност, односно “имплинтна религиозност“, за религиозност внатре и надвор од кодифицираните системи , надворешната религиозност доста често се поистоветува со култното однесување или религиозната пракса која е нумерички мерлива. Сепак, религијата е далеку посложена социо-психолошка појава од една обична поврзаност со постоечките религии и верски објекти. Постои доста различен однос, така што одредена поврзаност на луѓето со религијата и верските објекти може да постои и без нагласен облик на религиозност, како што може да постои и нагласена религиозност со минимум поврзаност со постоечката религија и верските објекти, дури и да се противи на нив (Mandarič,2000:25)“. Во моето истражување ќе ја користам синтагмата “класична религиозност“ синтагма што

најчесто се користи од страна на истражувачите во оваа област. Религизноста ја сочинува субјективната, персоналната страна. Во нашево истражување религиозноста ја дефинираме како ориентација, т.е. вера во светото-еден Бог, која подразбира: усвојување на основните теолошки принципи на дадената конфесија на нивото на верата и на нивото на знаењата, одредена религиска пракса како и одредени пошироки модели на однесување засновани на религиски и морални норми. Религиозноста ги опфаќа религиозната свест и религиозното однесување. Под религиозно однесување на младите подразбираме: нивните мислења, постапки во согласност со или под непосредно дејство на религиозните норми, било како убедување или како последица на страв од санкциите кои овие религиозни норми ги содржат. Религиозноста како општествена појава не е достапна на нашата перцепција. Во почетокот, социологијата на религијата се занимавала со истражување на црковната религиозност, а таа се мерела со партиципација во црковните обреди. Значи, имаме редуцирање, односно истражување на она што е квантитативно, што може да се брои, мери, односно графички да се прикажува. Овој пристап ни од далеку не дава можности за една подлабока анализа. Со текот на времето социолозите се повеќе биле согласни за тоа, дека е нужно да се преиспитаат традиционалните пристапи на религиозноста и да се бараат нови индикатори кои ќе овозможат сеопфатен увид во сложениот процес на религиозност, која ја доживува една особа. Религиозноста претставува дел од внатрешната страна на човекот и за неа носиме заклучоци врз основа на надворешните манифестации на религиозните доживувања, со помош на индикаторите на религиозноста. Емпириските методи на истражувања ни придонесуваат многу во разбирањето на толку сложен предмет на истражување како што е човековата религиозност. Религиозноста е доста суптилна категорија која многукратно допира до најдлабоките слоеви во човечкото битие за да биде мерлива со вообичаените методи, како на пример анкетата. Религиозноста најцелисходно е да се испитува со индикаторите кои припаѓаат, условно речено, на

две области. Првата група индикатори се оние кои се однесуваат на чисто вербалните искази на испитаниците за религиозноста, а втората група индикатори се однесуваат на самото религиозно испитување на испитаниците.Однесувањето на младите, пред се зависи од социјалните фактори. Меѓутоа во истражувачките трудови најчесто социјалните одредувачи на религиозното однесување се бараат и се наоѓаат во влијанијата и особеностите на примарните групи, а потоа и групите од општ карактер. Најголем број од тие фактори се бараат и се наоѓаат во семејството, а потоа и во подрачјето на социо-демографски, материјални, општествени, политички и образовни влијанија. Треба да напомнеме и тоа дека покрај субјективната димензија на религијата, т.е. религиозноста, религијата егзистира и како посебна, специфична организација, односно како конфесионална заедница. Како што претходно споменавме кај нас делуваат: Македонската православна црква и Исламската верска заедница. Односот на младите кон религијата во последно време е доста актуелен. Младоста го претставува најбурниот период во развојот на човекот. Пред тоа е периодот во кој се развива целокупната човекова личност и се обликува погледот на светот. Младите не се хомогена целина, туку тие се разликуваат меѓу себе според: полот, годините на школување, успехот во школувањето, местото на живеење, социјалното потекло и др. Тоа, земено во целина со другите посебни карактеристики ја прават младата генерација да биде различно структуирана. ...“Толеранцијата претставува трпеливост, подносливост, допуштено отстапување од вообичаениот пропис. Социолошки интерпретирано таа е трпеливост, поднесување на туѓите уверувања, допуштање да важат други начела кои не се сопствени и кои сепак мораат да се уважат во духот на граѓанската слобода и на јавното мислење.

Накратко речено, толеранцијата претставува допуштено отстапување од своите сопствени убедувања (Матевски, 2007:85)“.

Република Македонија е мултиконфесионална и мултиетничка заедница во рамките на која живеат и егзистираат различни религиски и етнички групи кои се посебно засегнати од трансформацијата што се случи последниве години.

Република Македонија од осамостојувањето го носеше епитетот оаза на мирот и беше посочувана како држава за пример зашто обединува заедници со различна верска определба кои меѓусебно соработуваат, живеат и творат.

Но, одредени настани кои се случија кај нас до некаде и ги симнаа тој епитет и сликата за совршено егзистирање на различни религски и етнички групи. Излезот од недовербата, затвореноста и сегрегацијата е можен само преку промовирање и поттикнување религиска толеранција како дел од практичното дејствување на современа и демократска Македонија. Во прилог на неоспорното значање на принципот на религиска толеранција говори и одржувањето на светската конференција во Охрид, во октомври 2007 год. Таа беше посветена на меѓурелигискиот дијалог и ги потенцираше принципите на религиската толеранција и религискиот соживот меѓу различните верски конфесии.

## 3. Елементи на религијата

Конкретни сознанија за религијата, за нејзината сложена структура можат да се добијат преку увидот во нејзините компоненти, односно составни елементи. Со помош на карактериситичната дефиниција на религијата се уочуваат специфичностите на религијата во споредба со другите облици на културни дејности. ...“Приказот и анализата на тие компоненти ќе покажат дека религијата можеме да ја сметаме како комплекс кој ја претставува структурната поврзаност на елементите или компонентите, односно таков комплекс во кој секој елемент е во психолошка врска со другиот (Pavičević, 1980 :14)“. Сите елементи не се подеднакво застапени. Има случаи кога некој елемент недостасува. Тогаш станува збор за облик на индивидуална религиозност која нема свое општествено значање.

Таквите појави денес се се позачестени. Не секогаш религиското припаѓање, односно религиското верување е поврзано со партиципирањето во религиските обреди. Во тој случај велиме дека религиозноста на индивидуален план е ослабена, а тоа значи дека ослабела нејзината општествена и функционална дејност. Како што спомнавме и порано, различноста во дефинирањето на религијата е во зависност од тоа кој елемент на религијата, кој автор ќе го земе како најважен во својата дефиниција. ..."Кај некои автори тоа е верата во натприродното, кај други чувствата, кај трети ритуалите итн. Оправданоста за таа различност ја наоѓаме во тоа што е тешко да се најдат подеднакво значајни елементи за различните религии (Cvitković, 2004 :14)".

Во нашево истражување ќе се задржиме само на три од многуте религиски елементи и тоа:

-верувањето во натприродното

-ритуали и обреди

-симболи

## 3.1. Верувањето во натприродното

Поим кој е карактеристичен за се што е религиско, според Диркем, е токму поимот натпориродно. Но, тој предупредува дека поимот натприродно е непознат за примитивните народи. Религијата ја надминува идејата на боговите или духовите, односно религијата не може да се дефинира исклучиво врз основа на нив. Некои автори религијата ја дефинираат како верување во духовните битија, односно верување во Бога. Според нив, оние кои не го познаваат поимот Бог не можат да бидат религиозни .

..."Меѓутоа, низ историскиот развој на човекот има религии кај кои идејата за Бог не е позната, како на пример: будизмот, таоизмот, конфучијанството и други.

Ако религијата ја објаснуваме како верување во Бога, тогаш како ќе го објасниме постоењето на сите овие религии кај кои идејата за Бог не е позната. Шушњиќ во својата книга “Религија“ ќе истакне дека Боговите се менлива категорија наспроти религијата која е постојана (Śuśnjić, 1998 :35)“.Според Шушњиќ со зборот религија треба да се опфатат сите однесувања на човекот или општествата кои се нарекуваат религикси без разлика дали некои во законите ја имаат нормата верување бо Бог. ...“Верувањето во натприродното претставува лично искуство и секој верник различно го доживува. Натприродното е различно во сите религии и во сите периоди од развојот на човечкото општество. Тоа настанало спонтано под влијание на човековите чувства и замисли, па затоа конкретните начини на негово замислување мораат да бидат различни. Сепак, со развивањето на монотеистичките религии, верските заедници за да постигнат единство во своите редови наметнуваат еден обврзан и исправен начин на замислување на Бог и на светот од онаа страна воопшто. Има религии кои почнуваат со свеста за натприродното, но не сите(Cvitković, 2004:15)“. Цвиткович смета дека тоа е минимумот за дефинирање на религијата Секако, поимот верување во натприродното е поврзан со поимот верување во светото. Светото ја означува специфичноста на религијата. Без него религијата е незамислива . ...“Диркем им придава посебна важност на поимите “свето“ и “профано“. Според него светото и претходи на религијата, додека според други автори светото е мајка на религијата. И покрај разликите, односно разликата помеѓу светото и световното, сепак светото се остварува во световното, односно профаното.

За светото се поврзани низа обичаи, обреди и забрани. Во текот на историскиот развој се менувал карактерот на светото. За едни она што е свето, за други има историско-културна вредност. Така на пример, “Куранот“ за муслиманите претставува света книга. Таа, иста книга за католиците, православните, атеистите има само одредена културна вредност. Оваа разлика, односно разликата помеѓу светото и световното не е во физичката туку во симболичката природа. Свето е она

што човекот и општеството го сметаат за свето. Светото е поширок поим од природното и во тоа е неговата предност (Śuśnjić 1998 :63)“.

## 3.2. Ритуали и обреди

Обредот е шаблонска, формална и симболичка дејствување. Верскиот обред очигледно се согледува како нешто што се однесува на божествени или трансцендентни суштества или можеби предци, за кои верниците се молат, споделуваат храна (со принесување на жртви), ги молат или на некој друг начин комуницираат со нив. Обредите се обидуваат да се занимаваат и да ги промовираат главните дилеми на човековото постоење: континуитетот и стабилноста, растењето и плодноста, смртноста и бесмртноста или трансцендентацијата. Тие имат моќ да ги преобразат луѓето и состојбите, создавајќи жесток воин или послушна сопруга, верен слуга или горделив тиранин.

“Бидејќи обредите некогаш се изведуваат во застрашувачки околности, како во случајот со некои обреди за иницијација, пораките што ги пренесуваат дејствуваат на психо-биолошкото ниво што подразбира, но и надминува рационално расудување. Во текот на обредот се манипулира со симболи и со свети предмети за да се засили изведбата и за да се пренесат идеолошките пораки што се однесуваат на природата и поединецот, општеството и вселената. Обредите имаат многу големо значење за човечката култура и може да се ползуваат за контролирање, потчинување, стабилизирање, јакнење или тероризирање на групи или поединци. Со нивното проучување доаѓаме до клучот за разбирање и толкување на културата (Bovi, 2000:45)“. Едноставно обредот е дел од секоја култура, религија, цивилизација. Обредот е стар колку што е стар и самиот

феномен, без разлика дали се зборува за религиски или некој нерелигиски феномен. Обредот претставува посебни доживувања кои се соединуваат со посебни дела. Тие, исто така, се изведуваат од одговорни луѓе. Во обредот често се случува поединецот или групата да биде во тешки искушенија кои на прв поглед за публиката претставуваат тешки моменти за сфаќање, разбирање. Имаме различни обреди. Некои од нив се религиозни, а некои се нерелигиозни. Од друга страна ритуалот се состои од симболични активности кои претставуваат или поттикнуваат религиско чувство или религиски значења. ...“Со оглед на тоа дека верувањата претставуваат когнитивен аспект на религијата, ритуалот е нормативен акт на религиското значење и се испреплетуваат едно со друго. Верувањата на религиската група даваат значење и форма на ритуалните изведби. Ритуалните акти ги зајакнуваат и реафирмираат верувањата на групата. Тие се начини на симболизирање на групата. Ритуалите помагаат во генерирањето на религиско убедување. Со ритуалниот акт групата ги запаметува своите споделени значења и ја ревитализира својата свест. Ова има суштествени последици и за групата и за индивидуалниот член. Групата ја обновува својата страст и чувство на унија, а индивидуалните членови се идентификуваат со групата и нејзините цели (Dirkem, 1965:430)“.

Ритуалот спаѓа меѓу најсложените облици на симболичко изразување кој вклучува зборови, звуци, движења, слики, предмети и човечки тела. Целта на сите овие дејствија е да се добие благонаклоност на онострането, битието од другиот свет и да се ублажи неговиот “гнев“. ...“Ритуалот е општествена, групна активност упатена на самата заедница или на некој нејзин дел. Се што припаѓа на еден ритуал е симболичко и како такво тоа се интерпретира или толкува. Структурата на ритуалот глобално е непроменета и покрај тоа што е можно да се видат поединечни дејства или елементи во него од страна на поединци. Ритуалот е длабоко вкоренет во традицијата и традицијата дава легитимитет за него. Од друга страна ако тој не се изврши се прекинува традицијата, а тоа би било лошо бидејќи

традицијата го конституира идентитетот на скоро секоја група (Vukomanović, 2004:72)“. Од ова јасно се гледа дека ритуалот претставува трансформација, конкретизација на емотивниот и религиски дел кај секој човек. Изведувањето на ритуалот во зависност од моментот се прави индивидуално или со поголем број луѓе. Тој претставува нормален чин преку кој заедницата се потсетува на религиските вердности. Истовремено ритуалот го зајакнува верувањето на сите присутни и го зајакнва единството на верниците. Начините на изведувањето на секој ритуал се зависни од местото, менталитетот, знаењето и неговото користење. Ритуалот, исто така, е и еден вид уживање бидејќи неговата цел во многу случаи е да се зголеми почитта кон религијата со желба, љубов, а помалку со страв.

## 3.3. Симболи

Религиските симболи од секоја религија на верниците им помагаат да ја разберат својата вера на длабински начин. Како и митовите така и симболите служат да ги соединат разумот и емоциите во смилсла на учење. Симболите, исто така, ги надополнуваат општествените и личните димензии на религијата, овозможувајќи им на верниците да делат извесни заеднички верувања што се изразени со нив, давајќи истовремено слобода верникот во нив да ги пренесува личните значења. Целиот живот го живееме во свет на симболи. Секојдневните насмевки, ракувања и поздравувања, како и препознатливите статусни симболи: големите автомобили и куќи, на луѓето им пренесуваат пораки за нас. ...“За да се објасни значањето на симболите, ќе ни помогне разликата што ќе ја направиме помеѓу „симболите“ и „знаците“. Во врска со знаците да кажеме дека постојат различни знаци за едно нешто. Така зборот „маса“, што означува дел од мебелот со рамна горна површина што стои на ногалки, може да се замени со некој друг звук-збор без никакви проблеми. Така Германците овој дел го викаат tisch, а Велшаните

*bwrdd* ·

Наспроти тоа, симболот е поинтимно поврзан со тоа на што се однесува. Тој учествува во тоа што го симболизира и не може тукутака да се замени со некој друг симбол, ниту може да се објасни со зборови и притоа да ја зачува истата моќ. На пример: бакнежот е симбол на љубовта и нежноста, тој не само што ги означува овие чувства на некој апстрактен начин, туку и навистина ги докажува. Во таа смисла симболот може да биде смисла во акција. Религиозните симболи ги имат овие општи особености, но често се посилни зашто ги чуваат и изразуваат највисоките животни вредности и односи. Куранот кај муслиманите, Библијата кај христијаните, тивкиот Буда и др, ја предизвикуваат еднаквоста и покорноста на милиони верници – мажи и жени. Ако таквите симболи се нападнат, или се палат, верниците жестоко реагираат што ни покажува колку длабоко симболите се вкоренети во емотивниот живот на верниците.

Моќта на симболите се крие во способноста да ги обединат верниците во заедница. Таа моќ на симболот е жариште на верата и акцијата, која истовремено овозможува извесен степен на лично разбирање што тие однадвор не можат да го делат. Симболите служат како предизвикувачи на посветеноста во религиите. Тие ги чуваат учењата и ги изразуваат на трогателен начин ( Dejvis, 1990:55)". Симболите ги претставуваат оние знаци кои луѓето ги создаваат или ги земаат од природата, па преку нив упатуваат или се потсетуваат на некои свои апстрактни религиозни чувства и на некои општи суштини, идеи . ..."Главна функција на симболите е да претстават нешто друго или да потсетат на нешто друго, тие се моќни поттикнувачи на различните човечки однесувања и имаат централно место во секоја религија (Vukomanić, 2004:69)". Едноставно, луѓето тешко можат да живеат без симболите бидејќи глобално човекот, а посебно верникот има секогаш потреба нешто да го мотивира, да му даде волја за живот. Симболот го изразува тоа што во себе го чувствуваме или поинаку кажано претставува израз на тоа што го имаме во нашите души, на пример: срцето секогаш претставувало симбол на искрена лубов. Карактеристика на секој симбол е тоа дека околу него верниците

се собираат, значи прави соединување на сите категории луѓе во зависност од состојбата. Некогаш симболот има поголемо значање, на пример: често при постигнување на гол фудбалерите или го бакнуваат амблемот на екипата или пак силно удираат на него. Симболот ја претставува припадноста на човекот, неговата лојалност кон него.

## 4. Функции на религијата

..."Поимот функција е комплементарен со поимот потреба. Овде односот не е еднозначен затоа што ако една појава ја задоволува потребата на другата, тоа никако не значи дека не постои можност наместо таа конкретна појава, истата потреба да може да ја задоволи и некоја друга појава (Gukanović, 2000:15)". Од ова произлегува дека религијата влијае врз човекот, врз неговите мислења и делувања. Ова влијание не се прима со затворени очи туку свесно, логично и најглавни се позитивните последици на свесното и логично влијание на религијата како: мир, ред, стабилност.

..."Освен пристапот што подразбира внатрешно искуство, кое претставува темел на религиското однесување, научниците го употребуваат поимот „религија" за тоа што го сметаат за интересни области на забележливо човечко однесување што бара објаснување. Таквите луѓе создаваат теории и за да објаснат зошто луѓето, на пример, мислат дека невидливиот дел од нивното тело (што обично се нарекува душа) го надживува телото; дека во вселената владеат моќни суштества; дека постојат многу повеќе работи од тоа што може да се забележи. Овие теории во голема мера се функционалистички, т.е., настојуваат да ја одредат општествената, психолошката или политичката улога што ја имаат работите што ги нарекуваме „религиски"(O'dea, 2000:14)". Зборувајќи едноставно религијата во индивидуата и во општеството има свои одредени функции што се забележливи во многу сфери

Религијата има неколку функции во општеството. Овие социолошки функции ги вклучуваат следниве:

**4.1. Емоционална функција.** Религијата обезбедува поддршка, утеха и помирување. Тоа се главно емоционални функции. Во однос на емотивната функција, …"религијата може да го поддржува општеството со тоа што ќе им обезбеди утеха на угнетените. Но, преку истиот овој процес може да ги инхибира промените и приспособувањето  и да предизвика тешки функционални проблеми во општеството (O'dea, 2000:18)".

**4.2. Општествено интегративна функција....**"За да се објасни општествената интегративна функција на религијата,најпрво ќе појдеме од самата етимологија на зборот религија,односно religare значи да се поврзе повторно она што било откинато,да се вдахне еден дух во повеќе луѓе.Самото потекло на зборот религија ни говори дека религијата има општествено итегративна функција во општеството,имено ја јакне општествената кохезија и го зголемува колективниот дух кај луѓето ,што допринесува и за постабилен опшествен систем.Вака сфатената религија ,всушност преку општествената интегративна функција,религијата во голема мера се опфаќа дека е во функција и во служба на јакнење и развој на општествената солидарност и суштината на верските ритуали би биле јакнење и развој на општествената интеграција.Ваквото толкување на религијата ни дава за право дека интеграцијата е побитна од самата религија и колку што е поголем степенот на религиозност на групата ,толку е повисок интеграцијта на групата ,а со зголемувањето на степенот на интеграција на групата се зголемуваи религиозноста на секој член не групата(Матевски,2008:39) **".** Религијата објавува дека нормите и вредностите на воспоставеното општество се свети, т.е. ги осветува и на тој начин

ја одржува доминацијата на групните цели врз индивидуалните желби, и така, придонесува за општествена контрола. Во овој сегмент, во однос на оваа функција религијата навистина ја помага општествената контрола со осветување на нормите. Но, преку истиот процес таа може да ги одржува и нормите што повеќе не соодветствуваат на променетите услови сметајќи дека имаат свето значање. На тој начин ќе доведе до тоа контролата да изгледа арбитрарна и конечно нешто што треба да се оспори.

..."Религијата придонесува (амбивалентно )за созревањето на луѓето. Религијата може да и даде поддршка на индивидуата во фазите на растењето и созревањето. Но, исто така таа може да го втурне човекот во зависни и незрели односи.

Религијата се јавува внатре во човековата историја како обид да се даде конечен одговор на основното човеково настојување во надминувањето на сопсвената ограниченост. Религијата расте од човековата потреба да се надмине самиот себеси, да ја најде смислата и како создадено и недолжно суштество да се поклони пред битието за кое верува дека е неговиот творец.

Многу филозофи на религијата настојуваат да ја докажат потполната особеност и специфичност на религијата, споредена со останатие облици на човековото и културното творештво, како што се филозофијата, науката, уметноста и др. (Kuburić, 1996:29)". Спецификата и особеноста на религијата е докажана од многу научници во различни сфери. Во овој случај се гледа дека религијата е стар феномен што го следи човекот од раните години и истовремено му помага на да се најде себеси преку прашањата: кој е творецот, што треба да правиме спрема него итн. Религијата едноставно го задолжува човекот да мисли околу тие работи кои за него се апстрактни, прашања кои се надвор од природата на човекот, т.е. дека освен човекот постои и нешто нечовечко: ангели, духови и др.. И покрај специфичноста и особеноста на религијата споредена со другите облици на културното творештво, односно нејзиното тежнение универзално да го опфати

човековото битие и егзистенција, сепак религијата има и други облици кои се заеднички со останатите човекови културни творештва.

**4.3. Поглед на свет. ...**"Религиската функција поглед на свет ,во најтесна смисла е поврзана со религиската компонента –замислана оностранo битие. Замислата на човекот што ја има за натприродното- оностраното битие ,во голема мера го обликува и неговиот поглед на свет воопшто .Од ваквото поимање произлегува и ставот дека луѓето ,пред се верниците ,го делат светот на свет на свети нешта (сакрални) и свет на световни нешта(профални).Светот на световните нешта е светот во кој живееме ,овоземскиоот свет, а светот на светите нешта е светот на оностраното битие ,односно, натприродното битие го добива статусот на светост,а природниот поредок го добива статусот на профаност.Како што укажуваат голем број на научици ,религијата е целовит поглед на свет,а ваквото толкување упатува на ставот дека религијата во себе содржи една рационална или когнитивна димензија ,иако таа димензија кај религијата нее од клучно значање,сепак постои.Религијата,како целосен поглед на свет , задоволува низа значајни верникови потреби и тоа: потреба за комуникација со Бог,потреба за комуникација со себе и со други луѓе,потреба од контакт со природата,со други луѓе и слично(Матевски,2008:29).Од ова јасно се гледа дека религијата е универзален феномен кој во себе има правила кои се однесуваат само исклучиво за Бог како на пр: верувањето во натприродното, исто така има правила кои на човекот му даваат концепт на поглед на светот во кој живее.Религијата поседува и правила кои за човекот на прв поглед се абстракни но во реалнот тие се вистински и се чувствуваат како на пр:инспирацијата кај човекот од Божјите створештва као тие имат инстиктивен начин , систем на живеење ,работење, така и човекот неговиот живот треба со план,систем ,норми да го живее. **...**"Покрај самиот основен поим, (поимот на оностраното битие), религијата во себе го вклучува и погледот на овостраното, на реалното битие и природата. Ако се прифати дека постои

онострането тогаш мора овостраното, реално битие да се сфати несамостојно како производ на оностраното, а тоа е сосема одреден поглед на битието и есенцијалност на самиот свет-поглед кој ја прекинува таа есенцијалност ((Pavičević, 1980 :22)“. Јасно се гледа дека религијата во себе не е составена или нејзината релација не е само со тоа што е невидливо туку и со тоа што е видливо, допирливо за човечките сетила како што е природата. Овој дуалистички поглед на религијата ја прави уште поинтересна за самиот човек бидејќи на маса му стојат два различни елемента: првиот апсолутен (совршен), а вториот релативен (несовршен), спрема кои треба да изрази адекватен пристап за нивно поубаво сфаќање и почитување. ...“Првиот е антропоморфниот или техноморфниот начин на сфаќање на светото, односно сфаќање на светот по аналогија на човекот. Како што производите на човечките дејности мора да имаат свој творец (човекот) така и светот како целина мора да има свој творец . Вториот начин, религиозниот поглед на светот во основа го има честото настојување на човековиот дух за мисливно осамостојување на општите поими за мисливно претворање на тие поими или замисли во, според себе, постоечки битија. Преку тие општи поими ние изразуваме некои заеднички својства, односи или начини на постоење на самите поединечни работи и процеси. Кажано со најопштите филозофски термини тие поими се однесуваат на формата во која егзистира секоја поединечна содржина или материја, па тогаш гносеолошка-психолошка основа на религискиот поглед на светот во крајна линија е склоста на човековиот дух за мисливно одвојување на формите од содржините и претворање на формата во засебно битие, односно во суштинска основа на реалното битие. На пример: причинскиот однос помеѓу поединечните работи и процеси кои едни со други се условуваат. Врз основа на поединечните причини ние го создаваме поимот причина. Ако го немаме предвид фактот дека причината воопшто (која е мисловна творба на нашиот ум) реално постои само низ поединечните конкретни причини тогаш можно е таа општа причина да ја замислиме како “прва причина“ и “причина на сите причини“ Ако така размислуваме на пат сме да ја усвоиме идејата

за Бог, бидејќи Бог во теологијата се одредува како “прва причина“ и “причина на сите причини“ (Pavičević, 1980:23).Од ова може да се види дека во религијаа има два моменти кои секогаш биле преокупација на социолозите и на другите научници кои се занимавале со религијата (психолози,теолози итн) а тоа е разбирааањето дека постои абсолутното-оностраното битие и овостраното-релативното створештво и вториот момент дека помеѓу овие два субјекта постои врска која има за цел човекот да го охрабри,смири да му даде мотиви за надминување на некои проблеми од проста причиниа учејќиго дека тие работи во кои тој одлучува т.е. човекот е причнител и тој ги почуствува последиците и исто така во тие работи ја изразува својата слободна воља и мислење додека за некои други работи-феномени нема прст во нив иако тие се однесуваат исто на човекот како на п.р:фазите на пораснување,староста.

**4.4. Етичка функција на религијата**....“Етичката на религијата е особено значајна ,бидејќи о овој труд е посветен на заедничките морални норми кај трите универзални религиски системи.За значењето на религијата како поле и основа на морални норми и вредносни на чела говорат низ историјата многу научници,и со самиот факт што се смета дека религијата е расадник на морални вредности оттука произлегува и етичката функција на религијата, а следсвено на тоа и се потенциара токму значањето на оваа религиска функција.Религијата на луѓето им нуди рамковна ориентација, за секој морален и или неморалне чин се наведуват причини, и оттука може да се согледа дека основната цел на сите етички религии е да ги направат луѓето подобри отколку што се .Она што е битно да се напомене е дека и кога станува збаор за моралот во религиските норми , и за општествениот моеал , тој мора да соодветсвува со потребите,желбите и интересите на луѓето,бидејќи спротивно нема да јасаканата функција и ефект,односно може да дојде до морална неосетливост на луѓето,а подоцна и до морална ерозија.Човекот,развивајќисе, за себе гради три слики и тоа:на онаа ниво како в

што е со себе и со другите ,на ниво како што историски би можел да биде спрема себе и другите , и на ниво како в што требал да биде,верски и морален идеал како крајна мера на неговата разумност и умност.(Маевски,2008:44)".Од ова јасно се гледа дека етичката функциа на религијјата има за цел да го направи човекот посугестивен во неговите мисли,зборови и дела.Целта на етичката религиска функција исто така е и зголемувањето на одговорноста на човекот за неговите дела дела во релација со Бог ,луѓето и се друго што го заобиколува. **...**"Оваа функција на религијата ја претставува улогата на религијата во формирањето на основните морални начела и правила: што е морално прифатливо, што е обврзувачко, што е „добро," а што е „лошо"? (Cvitković, 2004:126)". Од ова се гледа дека општествените потреби и одреден, нужен степен на развојот на човековата свест биле неопходни за ограничување на некои работи, т.е. за да се знае што е навистина добро, а што е лошо. Овие забрани и дозволи без разлика дали произлегуваат од религијата, од традицијата или од моралните вредности мора да бидат пренесени на човекот и идните поколенија со цел човечкиот статус и човековата природа да не бидат оштетени. Исто така, овие морални вредности се причина стабилноста, сигурноста и редот во општеството да бидат на висок степен на мирот и почитувањето на сите вредносни феномени од самите членови на општеството. Суштинското значење на тие норми ја наметнува потребата од обезбедување углед, односно нивно уважување во очите на поединецот или групата, а таа потреба останува константна додека пак променливи се само средствата и начините на нивото реализирање.

Кога единката го усогласува своето однесување со одредените норми и притоа ги прифаќа како сопствено уверување дека така треба да се однесува, тогаш велиме дека единката ја сфатила човековата и општествената смисла на нормите, односно тогаш единката ја сметаме за морално зрела, т.е. за морално оформена. ..."Авторитетот кој оформената личност ја наведува на одредено однесување е привилигија од објективна причина и начело чија смисла оформената личност ја

уочила и признала, така што покорувањето на нормите престанува да биде покорување на надворешниот авторитет и се претвора во самостојно одлучување и постапување според сопствено видување и убедување: хетерономијата се заменува се автономијата. Таа автономна моралност, единката може да ја стекне дури на одреден степен на рационална и емоционална зрелост, па така во автономната фаза елементите на хетерономијата се неопходни (Pavičević, 1980:28-29)". Од ова се гледа дека поврзувањето на моралните вредности и религијата има своја позитивна страна. Знаењето дека Бог е семоќен, дека се гледа и се слуша и дека пресудува за нашите постапки го принудува секој човек со своите мислења, зборови и дела секогаш да биде претпазлив и да се однесува во согласност со моралните норми предвидени од самата религија.

Павичевиќ истакнува дека покрај позитивното значење, поврзувањето на моралот и религијата има и негативни последици. ..."Религиски заснованата етика може да се најде во опасност, да дојде во судир со одредени хуманистички вредности, зашто на врвот на вредносната скала и во основата на својот поглед на светот става нешто натсветовно, натприродно за кое не може да се има знење, туку само верување. Со оглед на тоа што за натприродното постојат различни верувања, секоја религија за да го одржи своето посебно верување, го прогласува за единствено право, односно единствено исправно верување. Со други зборови, присутна е можноста за верски елитизам, т.е. чувство и верување за "избраност" или "правоверност" што го вклучува и сфаќањето дека останатите религии не се прави, односно се нешто пониски (Pavičević, 1980:30)". Тука, треба да се истакне дека сите знаења на познатите светски религии ( исламот, христијанството и јудаизмот) околу натприродното потекнуваат од верските постулати кои истовремено им помагаат на верниците со логични аргументи да имаат до некаде знаење за тоа што е натприродно, но кога е во прашање конкретното аргументирање се користат сосема други факти, аргументи, на пример, да се верува во постоењето на Бог е верска наредба која не е измислица на верските лидери туку

тоа е верски столб, но аргументирањето на постоењето на Бог се прави преку анализирање на неговите суштества.

**4.5. Психолошка функција на религијата.**Како што споменавме ,религијата извршува низа функции во општеството, а една од нив е психолошката функција.која има голема улога во животот на секој човек....“Човекот во текот на својот живот ,развивајчисе,образувајќисе ,поминува во различни фази и во одредени моменти од своето битисување се соочува со одредени проблеми,за кои во моменти не гледа рационално решение.Има и моменти во животот кои носат и болка и страдање,при што не такла ретко,човекот си го поставува прашањето:Која е смислата на човечкото постоење,и не наоќајчи соодветен одговор,станува свесен за апсурдноста на животот.Соцел полесно прилагодување кон одредени општествени ситуации,со цел надминување на некои тешки моменти од живото на човекот,во такви случаи се вртиме кон религијата, а целта и на психолошката функција е токму помагање на индивидуите во надминување на одредени состојби и емоции,односно помагање во кризни ситуации.Човекот некогач е доведен во ситуација да не може и да не знае како да оббезбеди егзистенција,токму преку оваа функција,религијата често пати ја осмилува човековата егзистенција.Од друга страна,одредени емоции,како на пример стравот,пред сее ставот од смртта,што се јавуваат кај човекот , можат да предизвикат последици во неговото здравје и живот и во такви моменти религијата преку оваа функција му помага.Стравот од непознатото,стравот од смртте,се состојби кои на човекот му носат стрес и сомневање,но религијата му помага да го надмине тој страв,нудејќи му одредени одговори и давајќи одредена смисла на некои бесмислени ситуации(Матевски,2008:32)“Од ова јасно се гледа дека религијата ја поседува и силата на смирување на душата на човекот во тие моменти кога му е најмногу потребно.Религијата му помага на индивидуата во критичнитие моменти да има трпение,да се моли за полесно надминување на тешкотиие во неговиот живот. За

психолошката функција Павичевич вели дека...“ во човечкиот живот има многу прашања кои не можат да бидат исклучени од неговото секојдневие, бидејќи тие припаѓаат на човековата природа и како такви произлегуваат од човековата положба во светот. Тоа се всушност егзистенцијалните негативности, односно смртноста или конечноста на човекот како единка, потоа трпењето на болката, честата несуогласеност на човековите желби и исчекувањата со стварноста, случајноста (Pavičević, 1980:33)“ .

...“Религијата може да служи како “адаптивен механизам“, во кризните, фрустрирачки ситуации. Таа нема да не ослободи од страдањата, туку ќе ни овозможи полесно да ги поднесеме преку дефиниции за биолошките, социјалните или природните промени. Обично дефинициите ги оправдуваат тие појави како Божјо дело. Така, на пример, религијата нуди дефиниција според која смртта е Божјо дело и така треба да се прифати (Cvitković, 2004:122)“.

Од ова произлегува дека некои феномени човекот нема можности да ги промени (младоста, староста, смртта и др.) и ги прифаќа такви какви што се бидејќи неговите можности се ограничени, човекот е свесен за својата смрт и смртта на другите луѓе, па така тој ја живее својата смрт и смртта на другите преку свеста за неа и емоциите, чувствата кои се во свеста поврзани за неа. Затоа човекот и како единка и како дел на општеството треба да има став кон смртта и на разни начини да ја совладува.

...“И покрај развојот на општеството, сепак остануваат неисполнети многу човекови, универзални потреби, како на пример, достапност на сите до можноста за стекнување богатсва или достапноста до општествен статус. Исто така, има нешто што воопшто не е достапно за човекот, како на пример, желбата за живот после смртта .Религијата не им нуди на луѓето вечен живот, туку им нудик омпензација. Имено, станува збор за однесување, верување дека доколку поединецот се однесува на одреден начин на крај ќе биде награден. Некои награди што ги посакува поединецот се недостапни споредено со секојдневното искуство, така што нивното

остварување е можно само со верувањето во натприродното. Човекот отсекогаш сакал да ги прикаже причините за својата егзистенција. Зошто сме овде? Која е крајната цел на нашиот живот? Каде сето тоа води, како ќе се заврши? Уште повеќе човекот не само што сака одговор на тие прашања, туку сака конкретен одговор-има ли животот смисла? ( Haralombos i Holborn,2002:445)". Психолошкото совладување на смртта со помош на религијата е основното религиско учење за "оностраното" за "задгробниот живот", односно учењето за бесмртноста на душата (дека само телото умира, додека душата по смртта на телото преминува во вечен духовен живот). Бидејќи религијата нуди одговори на универзалните прашања и ја исполнува компензациската функција за задоволување на универзалните човекови потреби, религијата не може ниту да исчезне ниту да доживее пад на влијанијата. Верувањето во натприродното битие и во натприродната моќ е темел на познати религии. Тоа овозможува духовна смиреност, дава волја и надеж за подобар живот. Сепак, можноста рационално да се покаже постоењето на натприродното не ни дава право да мислиме дека верувањето е бесмислица.

# II Етнички односи

Етничките односи во општеството се стари колку и самото општество, а нивното значење се и секогаш ќе бидат значајни.
Етничките односи со текот на времето, поради различни феномени, влијанија и околности без разлика дали тие биле внатрешни или надворешни, се одвивале во сообразност со случувањата.

Имајќи го предвид големото значање на зборот етнос во почетокот ќе го објасниме потеклото на овој збор, а во вториот дел ќе зборуваме за различните термини кои се поврзани со зборот етнос како што се: етничка група,етницитет, етние и етноцентризам.

## 1. Потеклото на зборот етнос

..."Зборот етнос потекнува, односно се поврзува со старогрчките зборови *etnos* што значи народ и *logos* што значи учење или наука (Ташева, 2009:63)". Од овој контекст произлегол и зборот етнологија. ..."Зборот етнологија првпат се спомнува во 19 век. Овие два израза имале прилично различни значења од оние кои денес им се придаваат.Доколку се проследи историјата на сознанието за човекот, од гледиштето кое нѐ интересира, може да се забележи дека првичните интересирања биле насочени кон егзотичните, архаичните или како што тогаш ги нарекувале, примитивни општества (Merton,1949:52)".Од оваа јасно се гледа дека социолозите за да дојдат до некакви нови резултати околу етносот дел од нив тргнале од сегменти како што се :местото на живеењето , некои други ги анализирале старите (примитивните) општества за да дојдат до поголемо значање на зброт етнос.

Кога се зборува за поимот етнос секогаш треба да имаме предвид дека ..."за овој збор или за овој поим се користат и поимите: етнички идентитет, етничка група, етничка земја итн. (Ташева, 2009:55)". Од овие поими се заклучува дека зборот етнос во зависност од контекстот во повеќето случаи се користи и за препознавање на специфичностите на општеството. Исто така од овој збор јасно се гледа дека е опширен, универзален, еластичен преку кој општеството изразува симболи, традиции или други вредни значајни феномени.

## 2. Појмовно определување на: етничка група и етноцентризам

### 4.3. Етничка група

..."Етничка група претставува компактна етничка човечка заедница, втемелена врз заедништво на етноси, специфични вредности и историски континуитет. Тие имаат специфична етничка свест (идентитет) и име според кое се препознаваат , а во системот на мнозинските етнички групи можат да се наоѓаат субетнички групи кои делат темелни вредности и карактеристики на етничките групи во рамките на кои се наоѓаат (Ташева, 2009:59)". ..."Етничката група е чест поим во општествените науки, пред се во англиските и американските. Таа означува група луѓе кои делат заеднички идентитет врз основа на иста култура, традиција, регион, историја, јазик, етничко потекло и други особености. Во антрополошката литература изразот етничка група се користи да се означи популација која има исто потекло, има заеднички основни културни вредности кои се остваруваат во заедничка форма и претставува простор за комуникација и интеракција (Barth, 2004:69"...."Етничка група е група чиишто членови ги поврзува чувството на заедничката припадност,израсната во контекстот на живеењето на заедничката територија,верувањето во заедничкото потекло,единствениот јазик,блиските економски врски,религијата,традицијата,обичаите , културата.(социолошки речник 2009:109)".Од горенаведените заклучоци јасно се

гледа дека во дефинирањето на терминот етничка група последната дефиниција има разлика од другите две бидејќи во дефинирањето на етничката група како нејзин елемент ги става и :економските врски и религијата.

Видливо е дека клучните елементи на етничката група се:заедничкото потекло,култура,обичаи,религија, традиција и економски врски кои имаат за цел да формираат компактно единство која во најмала рака ќе има некои поделби или специфики.Од горенаведените дефиници за терминот етничка група јасно се гледа дека нејзините главни елементи не припаѓаат само на една природа како на пр:економскта врска туку,нејзините елементи се различни :физички(човечки),духовни и елементи кои се создават или користат по потреба на човекот . Кога станува збор за физичкиот елемент целта е дека главен фактор на етничката група не е некој друг освен човекот и човечкото општеството. Со духовното сакаме да кажеме дека е опфатен и главниот елемент а тоа е душата или духовниот аспект на човекот. Човекот како најусоврсшено створештво секогаш имал потреба да ја храни душата со соодветни духовни работи спрема кои не можел секогаш на нив да одговара со физичка или материални елементи, за да стигне до својата цел имал потреба од сосема друг феномен како што е религијата која на човекот му создава духовно смирување и одговора на многу прашања. Во овој контекст влегува и културата која е многу важна во животот на човекот, бидејќи преку неа секој член го изразува своето човечко однесување со цел да се прилагоди во опшество а истовремено да чувствува духовна смиреност.Што се однесува до елементите или феномените кои се создават по потреба на човекот неможеме да ги одредиме од проста причина дека човекот има потреба од многу елементи за одржување на општеството и неговиот живот како што се :технолошкиот,индустриалниот итн.Што се однесува до религијата и нејзиното влијание во етничката група видливо е дека меѓусебе имаат блиска врска бидејќи и во религијата и во етничката група главна улога е човекот т.е општеството ,неговото однесување – култура и се тоа што е за доброто на човекот.Религијата

како свет општествен феномен е таа која го потикнукнува човекот да биде активен за создавање на идеи преку кои ќе дојде да создавање компактност во општеството без разлика во кој правец,да ја чува и изрази своето човечко потекло,да измисли мисли за човечко однесување, во овој контекст религијата на човекот му помага како прво: дава директен одговор околу неговото потекло дека потекнува од човек,исто така религијата му дава готови одредени морлани вредности за убаво однесување пр:не лазжи ,на криди итн,заеднички работа-интеракција- со цел да споделат интереси кои имаат вредност во општеството.Како што религијата поседува специфики во нејзината доктрина за одредени работи во одередени случаи исто така и во секоја етничка група има посебни моменти кои во одредени случачи еден дел на луѓе припадници од самата етничка група се разликуваат во нивните посташки поради специфичностите што ги поседуваат како на пр:моменти на фамилијарни прослави,начии на одвивање на некои традиции итн.Исто така религијата ги прифаќа сите човечки норми и обичаи кои имаат за цел позитивно збогатување на човечкото однесување и култура.Религијата со потикнувањето и прифаќањето на добрите работи кои се измислени од човекот покажува дека тој-човекот е слободно створештво-изразува слободна волја на мислење и делување без никаков притисок за реализирање на своите цели или. Од ова можеме да заклучиме дека религијата има позитивно влијание во еничката група бидејќи помага во вреднување на сите елементи кои имаат за цел усовршување на моралот во општеството.

## 3.3 Етноцентризам

…"Етноцентризмот претставува чувство на припадност на етничката група (род, племе, народ, нација) која се доживува како основа на личниот идентитет и општествена интегрираност (културна, јазична, религиозна, регионална, локална) (Ташева,2009:35)".

..."Став проникнат со емоционалност и предрасуди,дека сопствената група,раса или општество е супериорна по своите расни и културни особини во однос на другите"(социолошки терминолшки речник,2009:10)".

..."Етноцентризмот е феномен кој произлегува како од потребата одзаштита на внатрешниот интегритет на една култура,чии припадници ги усвоиле вредностите на таа култура низ процесотна социјализацијата ,така како и последица на неразбирањето на вредностите на некоја друга култура.Од тие причини,секоја група себеси се доживува како најуспешна во градењето на сопствениот културен модел ,а кон другитње култури се однесува сомничаво,често со неразбирање ,дури и со потценување и непријателство.Во основа етноцентризмот е манифестација преферирање,супериорен однос на една култура во однос на друга и други култури"(Петковска,2009:180).

..."Етноцентризмот сугерира дека начинот на кој нешто се прави во другите општества е инфериорен во спредба со начинот со кој тоа се прави сопственото општество"(Barth,1987:138).

Речиси не постои регион или држава која е етнички чиста и хомогена („единство на крвта и потеклото"). Во овој контекст треба да се нагласи дека првобитните етничките групи и етничките идентитети, според своето настанување се постари историски појави од нациите и националните идентитети.

Со други зборови етничките групи и етничките идентитети постојано се менуваат и трансформираат и во современиот свет, при што настанвуаат нови, модерни општествени системи што, пак, влијае врз промената на нивниот идентитет .

Истовремено во светот се шират и социјалните напнатости и националните судири од широки размери. Модерното општество преку општествените системи и односи, социјалните интеракции и институционалниот поредок, битно влијае врз изградбата на народите (етносите) и модерните нации. Типот и структурата на општеството ги одредуваат правните норми, општествените односи и интеракциите помеѓу луѓето

Сите се важни за запознавање и прикажување на комплексниот и реален општествен свет, свет на човечкото општеството, и сите влијаат битно врз конструкцијата на различните идентитети: општествени, културни, етнички, национални итн. (трите модели). Етничките заедници се постари од нациите, затоа што нациите, како модерни хомогени заедници, настануваат и се изградуваат откако се изградени модерните општествени системи. Предмодерните општества, на една страна, и модерното и модерните општествени системи на друга, даваат сосема поинакви институции (правни, политички, државни, стопански, комуникациски, образовни, управни, парламентаризам, триделна власт, национален суверенитет итн.) врз кои се изградуваат сосема поинакви процеси (правни, политички и стопански) и се изградуваат и организираат сосема поинакви човечки ресусри( Орловиč, 2009:85).

## 4. Карактеристиките на етничките односи

Етничките односи се од витално значење во создавањето на социјална, емоционална и интелектуална клима, за конструктивна комуникација и меѓусебно разбирање на луѓето. Дури и во земји што се далеку поразвиени, според степенот на економскиот и технолошкиот развиток, како и во функционирањето на

демократските односи, станува неопходно да се почитуваат различните вредности на другата група или поединци (Popadić, 2005:24). “Кога се зборвуа за карактеристиките на етничките односи треба да имаме предвид дека тие во некои случаи се карактеризираат со: внатрешни карактеристики, надворшени, институционални, културни, социјални, економски, итн. Во овој контекст ќе ги потенцираме карактеристиките во глобална смисла без да навлеземе во детали.“

Карактеристиките на етничките односи се:

-таа има психолошка функција да им помогне на своите припадници, членови да ја изградат својата групна самоидентификација, односно таа е фокусот на чувството на интимното заедништво;

-обезбедува мрежа на групи и институции кои ги ограничуваат групните односи од примарен тип на нејзините припадници во нејзините рамки (Ташева, 2009:75);

-ги прекршува културните примероци на однесување и вредностите на глобалното општество преку призмата на сопственото културно наследство;

-исклучиво национална поврзаност, или систем во кој доминираат етноцентрички ставови со централна идеја на супериорност на централната нација во односите со другите (Ташева, 2009:76);

-потенцирана национална поврзаност или систем во кој се изразува идеализаторски однос спрема сопствената нација, но без истакнување на својата супериорност спрема другите нации (Ташева, 2009:76);

-поделена национална поврзаност, што се манифестира преку истовремена поврзаност на сопствената нација и на пошироките етнички групи, односно систем во кој се застапуваат идеите за коегзистенција и соработка на сопствената со другите нации (Ташева, 2009:77);

-општочовечка поврзаност, или систем на ставови во кои се изразува примарната поврзаност на граѓаните со општата човекова заедница.

-непостоење на национална поврзаност, односно систем во кој националното поврзување е небитна па дури и штетна работа (Ташева, 2009:77).

Од овие карактеристики јасно се гледа дека врз етничките односи влијат персонални, фамилијарни и институционални фактори кои со своето влијание придонесуваат етничките односи во општеството да се развиваат во позитивна насока, а во некои случаи и спротивно. Некогаш етничките односи се изразуваат групно кога се има предвид ставот на самата група спрема некој феномен.

## 5. Образованието и етничките односи

Покрај биолошката репродукција, општеството има обврска да го обоезбеди континуитетот на социјабилитетот и на културата, односно постарите генерации да го пренесат своето искуство и изградениот општествен модел на живот врз помладитет генерации, кои, пак, од своја страна, со своите нови сознанија го збогатуваат општествениот развој со нови елементи и нови квалитети. Цел на оваа општествена активност, која е насочена кон сите индвидуи, е да придонесе во нивното формирање како личности, односно човекот да стане еден организиран систем од мислења, чувства и постапки. Ваквата активност на општеството се одвива низ различни процеси како што се социјализацијата и образованието.
..."Социјализацијата е процес кој се одвива во текот на целиот живот на човекот. Преку него човекот ги развива своите хумани потенцијали и го совладува моделот на културата во која се раѓа и живее. Социјализацијата претставува витална основа на нашиот хуманитет. Таа е процес преку кој индивидуата со помош на општественото искуство стекнува квалитети и капацитети кои неа ја чинат хумано суштество. Од аспект на општеството како целина, социјализацијата е средство со чија помош културата се пренесува врз секоја нова генерација. Образованието, пак, е основната и најзначајната интитуција преку која на младите луѓе се пренесуваат

посебните знаења и вештини како и културни норми и вредности. Социјализиација и обраованието се два поврзани процеса кои играат голема улога во човековиот живот, односно во процесот на неговото хуманизирање (Тоновски, 1995:96)".

Од ова се гледа дека двата процеса се одвиваат во општеството уште во првите почетоци од хуманизирањето на човекот, имаат свој историски развој, свое општествено значење, свои карактерискитики и општествени функции. Меѓутоа, иако се така тесно поврзани, а во определени аспекти се надополнуваат едно со друго, воспитанието и образованието, сепак имаат свои особености што ги разликува едно од друго но пред се двете општествени активности имаат за цел човекот да го оспособат за живот.

..."Меѓутоа, треба да се направи разлика помеѓу социјализацијата и образованието бидејќи образованието опфаќа или е процес на презентирање факти во специјализираните институции (образовни орaганизации) додека социјализацијата опфаќа многу поопширен дијапазон на искуства кои се битни за животот на личноста (Тоновски, 1995:97)". Од оваа се гледа дека образованието развивањето го прави со официјални, институционални процеси за феномените кои го заобиколуваат човекот. Кога се во прашање етничките односи образованието овој феномен го анализирал длабоко, сериозно со конкретни чекори бидејќи образованието на луѓето е причина за подобар општествен живот помеѓу различние членови на општеството. Суштината на образованието според Диркем претставува: ..."дејност која се спроведува од страна на постарите генерации врз оние кои се уште не се подготвени за општествен живот.

Цел на оваа дејност е да поттикне и да развие кај детето такви физички, интелектуални и морални системи кои се барани од него и од општеството како целина, како и за идната професија за која ќе се определи (Dirkem, 1922:77)". Оваа значи дека образованието е специјализирана општествена активност чија задача е да ја оспособи маладата личност за живот, но и за идната негова професија што ќе ја извршува во текот на својот работен век. Исто така, образованието ја подготвува

младата личност за членување во одделните општествени групи во кои ќе го минува својот живот, но и ја оспособува да се вклучи и да го заземе своето место во општествената хиерархија.

..."Едукативниот систем ги интегрира луѓето во општествената заедница со учењето на заеднички јазик и заеднички начин на гледање на светот, а со тоа им ги олеснува и комуникацијата и интеракцијата. Образованието, посебно високото, е извор на ново знаење и технологија. Резултатите на истражувањата на универзитетите му помаагаат на општеството да се прилагоди на условите кои се менуваат токму како резултат на новите знаења и поуспешно да комуницираат со другите глобални општества (Георгиевски, 1999:99)".Постарите генераци најубавото нешто што можат на новите генерации да им го остават е едукацијата.Едукацијата е клучниот елемент за секој човек кој сака да има здрав,убав и добар живот.Едукацијата исто така има клучна улога и во унапредувањето на младите во сферата на образованието,кај младите добрата едукација ќе биде главниот мотиватор за нови откритија и усовршувања.Образованието света работа,преку неа општеството успеа некои абсатракни работи во минатото да ги конкретизира пр:телефоноијата,телевизорот . итн. ..."За разлика од прединдустриските општества, современите општества неопходно е да имаат образование, техничка и стручно оспособена работна сила. Таа задача и функција на формирање на образована и техничка работна сила, која мора да се има за да може успешно да се вклучи во поделбата на трудот, ја преземаат образовните институции, особено во средното и високото образование. Обучувањата што се бараат од училиштата се над обичната вештина. Мотивацијата да се работи за да се преживее и да се стекне имот, моќ и престиж како и атрибутите: точност, одговорност, дисциплина и послушност кон авторитетите ја прават пожелна индустриската работна сила најмалку барем од преспективата на вработувачот.Образовните институции претставуваат клучен механизам за одбирање и распоредување на учениците на успешни, средно успешни и

најуспешни; на оние што ќе отпаднат од процесот на школувањето и на оние кои ќе ги завршат највисоките степени на образование со што се врши образовна и професионална промоција на индивидуите, изразувајќи ја својата општествена подвижност (Ѓорѓиевски, 1999:103).За разлика од минатото во кое време не бил толку унапреден образовниот систем без разлика во кој правец, од човечките услуги не се барало квалитет бидејќи во тоа време образовниот систем бил во слаба фаза на унапредување,исто така можеме да кажеме дека за некои работи услуги за кои општеството имало потреба нажалост тие не постоеле за да им служат на луѓето но,со унапредувањето на образовниот систем со посебно значање технологијата,од младите генеераци се бара тие да бидат во тренд со новите откритија и унапредувања бидејќи начинот на мислење и реализирање на елементарни работи е смеент од минатото.Како пример може да се наведе начинот на образувањето на нашите родители кои имале сосема други услови за студирање во споредба со начите услови.

Накусо кажано, образованието има повеќе функции од кои најзначајни би биле следниве:

..."првата функција е да ја оспособи младата личност за живот и за неговата идна професија;

-втората функција е да ја оспособи младата личност да се вклучи во општествените групи и во општествената хиерархија. Во училиштата децата се учат да се прилагодуваат на хиерархијата во институциите во кои моќта и привилегиите се импресионални и нееднакви;

-третата функција а поврзана со улогата што образоваието ја има во процесот на општествената и полититичката интеграција на младата и неискусна личност и подготовката за нејзиното вклучување во поширокото општество. Од ова се гледа дека образованието секој човек го подготвува и упатува за јавниот живот во кој

постојат универзални правила и во кој индивидуата треба да се избори за својот општествен статус.

-четвртата функција е да едуцира за елементарните работи, да ја развива способноста за мислење и за стекнување знаења што ќе им користат во нивните животни кариери;

-петтата функција на образованието е избирање (селектирање) на талентот. Во минатото, но и денес во некои се уште нетехнолошки општества машкото дете скоро секогаш го наследува занимањето на својот татко, а женското дете дејноста на својата мајка.

Во современото општество не само што тоа се менува, туку во него е потребно и големо знаење за извршување на професионалната дејност. Училишниот систем треба да ги избира децата според нивните посебни таленти и да ги подготвува за идните нивни занимања. Тоа идеално, би значело дека секоја индивидуа има еднакви услови да го покаже својот талент, а децата да се селектираат за нивните вистински работни места соодветни на нивните таленти, без оглед на тоа кои се, чии се и од каде доаѓаат;

-шестата функција на образованието е да го негува националниот дух и да ги вградува во личноста другите општествени вредности (Ѓорѓиевски, 1999:105)“.

Од споменативе функции на образованието јасно се гледа дека целта на образованието е едуцирање на секоја личност и нејзино оспособување за вреднување на се што таа гледа во секојдневието. Што се однесува до етничките односи образовнието има за цел да ни каже дека општеството е составено од различни категории луѓе кои им припаѓаат на различни вери, култури во овој контекст и на различни етнички групи кои треба да се почитуваат, вреднуваат од секој член на општеството. Почитувањето на другите етнички групи од страна на членовите на општеството не треба да биде спонтано, без свест или на некој друг начин кој не соодветствува со реалноста, туку треба да се одвива образовно, свесно.

За наша среќа, во нашево општество образованието е отворено за сите деца без разлика на верата, етничка група, расата и другите разлики што постојат. Ова во голема мера помага во нашево општество децата од мали да го научат образовниот систем, да го споделат, да научат и слушаат од деца кои се различни од многу аспекти, во овој случај и според етничка група. Ова го потенцирам бидејќи во минатото образовниот систем бил привилегија само за богатите слоеви во општествто (аристократите)....“Во досегашната општествената историја забележлив е трендот образованието да биде привилегија на богатите слоеви во општеството, а посебно оној дел на образованието кој не е директно врзан за процесот на непосредниот производен труд. Тој бил вредност, активност која се спроведувала во слободното време како дејност на оние кои не работат физички (Ѓеорѓиевски, 1999:109) “.

Според мое мислење, денеска на индиректен начин на многу места се отворени приватни училишта во кои имаат можност да бидат образовани само децата на богатите. Ова кога зборуваме за етничките односи не дава голем придонес за вреднувањето на различностите. Во современото општество образованието се наметнува како неопходен услов за извршување на посложените работни задачи и се забележува трендот за негово доближување до пониските општествени слоеви, но тоа сепак, се уште, во најголема мера е резервирано за повисоките општествени слоеви.

## 5 . КУЛТУРАТА И ЕТНИЧКИТЕ ОДНОСИ

Настојувањата да се одреди значањето на овој комплексен поим,кој претставува отелотворување на суштината на човековото постоење и дејствување-особено гледано низ призмата на драматичноста на промените што се одвиваат во денешно време- се многу бројни и повеќедимензионални.Притоа се говори за различни пристапи ,правци и школи во доменот на истражување на оваа појава.

...“Културата е оној артифициален свет што човекот го гради не како анти-природа ,туку како одговор на собствените потреби , аспирации,творечки потенцијали.Тие него го прикажуваат не само како чист инстикт ,туку како повеќе димензионално суштество ,подготвено да се соочи со најгрубите и истовремено со најсофистицираните предизвици на егзистенцијата.Така, тој историски,во континуитет од специфичен какратер ја гради и ја обликува таа егзистенција,а не само стихијно понесен од неа.Културата е оној од човекот осмилен систем на вредности ,обичаи,артефакти,кои се манифестираат во неговиот секојдневен живот.Тој е сложен механизам на човечки творби се создава и функсионира низ мрежите на сложената структура на меѓучовечките односи.Со тоа човекот,пред се како општествено суштество,го обезбедува и својот состанок и ја докажува посебноста на своето постоење како вид (Петковска,2009;168)“.Од оваа јасно се гледа дека културата го опфаќа целиот труд на човекот што се манифестира во неговиот живот, исто така со културата човекот успеа да се соочи со различните фактори што го заобиколуваат само со цел да ги реализира своите цели и аспирации и да ги претвори нив во своја корист .Исто така видливо е дека во појавата на културата на човекот играат улога две работи; првата е; личната потреба пр;исхраната,облеката, и втората работа е поврзана со природата т.е. тие услови кои имаат за цел човекот да го заштити собствениот живот пр;користењето на природни елементи за чување на својот живот од напади на животни или луѓе или изградбата на засолништа при природни катастрофи.

...“Во социолошка смисла ,значи културата го вклучува секој дел или образец на однесување ,било кој став,вредност или убедување ,било која вештина што ја учат човечките суштества како членови на човечки групи,како и рачните просизводи или употребата на било кои материјални средства кои се производи од свои човекови способности“.Од оваа може да се види дека под поимот култура се поврзани сите човечки свесни заклучоци за сите феномени со кои се соочувал без разлика дали тие биле поврзани со материјалноста или духовноста.

...“ Културата претставува специфична димензија на општествениот живот, негов „заштитен знак“ во однос на објективната стварност. Таа го означува општественото наследство на човековиот род, човековиот специфичен начин на живот што го издвојува од останатиот животински свет. Таа упатува на поинаквиот начин на живот на луѓето, на нивниот комплетен модел на живеење(Schwanits, 2000:25)“.

Она што во суштина го одвојува хуманото суштество од останатиот животински свет е неговата способност да креира знаење и преку воспитанието и образованието да ги пренесува на идните генерации. ...“Луѓето стекнуваат свои верувања, воспоставуваат закони и обичаи и креираат уметност и музика, а воедно, создаваат и своја вештачка средина достојна на нивниот хуман живот.
Ако општеството го разбираме како организиран, самостоен и континуиран збир на луѓе кои живеат во специфична област од објективна стварност, тогаш културата означува научени, прифатени, специфични модели на верувања, однесувања и начин на живот и на обезбедување на општествената егзистенција (Schwanits, 2000:26)“.Од ова јасно се гледа дека под поимот култура се подразбира све тоа што го прави човект да биде смирен духовно ,да има позитивни начини на односи со све тоа што го заобиколува во секојдневиетоо во различни правци за подобар живот и за подобра егзистенција.
...“Културата во човековото однесување ја има истата онаа улога што ја имаат инстиктите во однесувањето на другиот животински свет: историјата на еволуцијата на човекот од првите облици на неговиот живот и организирање до модерното индустриско општество, воедно е историја за еволуцијата на културата од нејзините едноставни до сложени форми. Појавата на културата ја означува јасната дистинкција помеѓу човекот и животните, односно го означува трендот: на хуманизирање на човечкиот живот, на очовечување на човечкиот живот и на очовечување на човечкото суштество. Долгиот процес на осамостојување на

човечкиот род од слепата зависност од природата е тесно поврзан со биолошката и културната еволуција. Биолошкиот момент, односно појавената потреба кај луѓето за пронаоѓање на поинакви начини за обезбедување на нивното натамошно опстојување во суровата природна средина, ја предизвика појавата на првите културни елементи  кои го означија и почетокот на човековото релативно осамостојување од голата биологија. Луѓето почнаа да ги користат првите орудија за работа, да комуницираат помеѓу себе и да размислуваат за светот околу нив. Меѓутоа, од друга страна, ваквата културна еволуција влијаеше и врз самата биолошка еволуција .

Поинаквиот начин на обезбедување на човековата егзистенција (приготвувањето на храната, а подоцна и нејзиното произведување, меѓусебното комуницирање и мислењето) предизвика промени и во самата биолошка конституција на човекот. Способноста да произведуваат, да го користат јазикот  и да мислат беа најзначајните работи кои ги направија луѓето-единствените суштества кои се поинакви од останатиот животиснки свет. Всушност, може да се констатира дека човекот е истовремено и производител, но и производ  на културата. Во текот на ваквата еволуција човекот ги развиваше и усовршуваше културните форми што резултираше со создавање негова специфична средина за живеење и работење и специфичен начин на негово опстојување на земјината топка (Zaninović, 1998:71)“. Од ова може да се види дека во создавањето на однесувањето-културата на човекот играле улога и неговите биолошки потреби поради кои човекот измислил елементи кои ќе му го олеснат патот за подаобар живот....“Иако често поимите култура и општество се употребуваат како синоними, сепак се работи за различни содржини. Културата претставува начин на живот кој е заеднички за одреден број  луѓе, додека општеството претставува група  луѓе меѓу кои постои интеракција во определен географски и политички простор и во кој има определена култура. Потоењето на етничките малцинства во земјите–соседи е добар индикатор за тоа. Иако живеат во други општества етничките заедници ја

задржуваат и негуваат својата култура како своја специфика во однос на останатиот дел од конкретните општества.

Културата е комплексен и повеќедимензионален феномен на објективната и општествената стварност. Таа во себе вклучува многубројни елементи, како и две димензии: универзална и посебна. Во врска со елеметите од кои е сочинет комплексот на културата, во социолошка смисла нема изградено единствено мислење. Овде може да се диференцираат две гледања: потесното гледање и поширокото гледање (Tucić, 2002:206)".Од ова се гледа дека културата означува еден сложен систем на верувања, мислења, вредности, норми, симболи, вештини, навики, традиции, знаења и технолошки достигнувања кои се својствени за човековиот род. Овој систем се формира и стабилизира во текот на човековата еволуција и претставува заедничко наследство на членовите на општествотро. Тој систем се учи, прифаќа и пренесува од и врз членовите на општеството, од генерација на генерација, низ процесите и институциите за социјализација и едукација.

Потесното гледање се повикува на истражувањето на Тејлор уште од 1871 г. кој во делото „Примитивна култура" културата ја дефинира како:..." комплексна целина која во себе го вклучува: знаењето, верувањето, вештините, моралот, правото, обичајот и сите други можности и навики стекнати и прифатени од човекот како член на општеството. Според застапниците на ова мислење културата е многу широк концепт, поим и неа ја сочинуваат различни видови знаења што ги креираат луѓето: уметност, наука, вештини, верување, вредности, мислење, дејствување, чувствување, идеали, закони, обичаи, религиозни доктрини, норми на однесување, морал, политичка и семејна организација и друго.Според нив, поранешните социолози и антрополози во своите дефиниции за културата ги вклучуваат и материјалните, физичките нешта, како што се: тркалата, алатите за работа, пирамидите итн. додека денес социолозите ја отфрлаат материјалната дефиницијана за културата и се задржуваат на нематеријалното знаење. Алатите,

парите, механичките направи и другите објекти не се култура, туку културата е знаењето за тие нешта. Во основа, според нив, културата е систем на знаење". Културата од оваа дефиниција јасно се гледа дека претставува надоргански систем, односно систем на знаење кој постои надвор и над човековата биолошка природа. Културата не произлегува од биолошките инстикти, таа произлегува од знаењето кое се креира во човековиот општествен живот.

..."Поширокото гледање ја проширува оваа дефиниција за културата. Застапниците на ова гледање во дефинирањето на културата ја вклучуваат не само состојбата на духот туку и конкретните манифестации на знаењето во материјалната стварност изразени во создадената вештачка животна средина во која луѓето живеат поинаку од останатиот животински свет (во посебни изградени живеалишта), но и на поинаков начин (производство со помош на алатки за работа) преку кој ги обезбедуваат средствата за својата материјална егзистенција. Овие конкретни манифестации, исто така се сотавен дел на културата, зашто со нивна помош човекот е одвоен од голата биологија (што е основна суштина на културата) и се остварува како хумано суштество со целата комплексност на тој поим" . Значи, човекот не е само суштество што мисли, туку е и суштество кое живее во поинакви услови и на поинаков начин ја оставарува својата егзистенција за разлика од останатиот животиснки свет. Тие услови се резултат на знаењето, но се и елемент на културата . Накусо, културата го опфаќа целокупниот модел на животот во општеството. ..."Во оваа смисла, поширокото гледање на културата смета дека културата е составена од два елемента: материјалната култура, која се однесува на материјалнате творби и добра кои се резултат на човековата креација, како што се на пример: средствата за работа, зградите, средствата за комуникација итн.; додека нематеријалната култура, ги опфаќа духовните творби и добра, односно апстрактните креации на општеството како што се на пример: обичаите, законите, идеите, вредностите, верувањата итн (Конески, 1981:150)".

Културата го детерминира начинот и квалитетот на човековиот живот и однесувањето на самиот човек. Од нејзиниот карактер, но и од нивото на нејзиниот развој, зависи во какви облици на семејство живеат луѓето, во какви сакрални објекти ги изразуваат своите верски чувства (џамии, цркви, синагоги и други храмови), начинот на исхрана, начинот на облекување, начинот на изразување на емоциите, начинот на прославување на различните манифестации итн.

## III Методолшка поставеност на истражувањето

### 1.Формулирање на проблемот на истражување

Религијата има свои длабоки корени во човечкото општество. Иако се работи за историска категорија нејзиниот век на траење продолжува и во современото општество. Религијата го следи човекот од самото раѓање при што се воспоставува еден меѓусебен однос помеѓу човекот и религијата.

Религијата во Р. Македонија по осамостојувањето доби поголем простор за изразување. Нетолерантниот однос на социјализмот спрема религијата, верските објекти и верниците беше причина придонесот на религијата во општеството да биде многу мал. После 90-те години, значи со воведувањето на демократијата како систем на управување религијата добива нова реалност. Со тоа влијанието на религијата се зголемува во многу аспекти од општествениот живот.

Од тој момент се зголемува улогата на религијата кога е во прашање почитта спрема граѓаните кои имаат различни верувања и религиски практики. Во Р.Македонија практичното дејствување на двете најголеми верски заедници, Исламската верска заедница и Македонската православна црква, во смирување и почитување на различностите беше донекаде ефикасно, но со впечаток дека не беше до крај изразено.

Улогата на религијата во мултиетничкото општество може да се види преку одговорот на следниве прашања:

Дали религијата има свое влијание и улога во подобрување на меѓуетничките односи во Р. Македонија?

Дали се работи за нејзино промовирање како позитивен феномен кој помага во зачувување и почитување на разликите кај различните етнички групи и религиски групи или тоа е целосно запоставено?

Колку ИВЗ и МПЦ, како главни верски институции, придонесуваат религијата да биде клучниот елемент кај верниците од аспект на почитување на етничките различности?

Дали државните институции придонесуваат за реализирање на идејата за зачувувањето на мултиетничката природа на нашето општество?

## 2. Цели и задачи на истражувањето

Во рамките на предметот на истражувањето, основната цел е да се потенцира улогата на религијата во мултиетничкото општество во правец на меѓуетничко почитување на припадниците од различните етнички групи во Р. Македонија.

### 2.1 Научна цел на истражувањето

Истражувањево има за цел да го утврди влијанието на религијата во македонското мултиетничко општество кога е во прашање почитувањето на припадниците на другиот етникум кај младите во Скопје. Исто така, ова истражување има цел да докаже дали ова почитување е резултат на семејното религиско образование и воспитание.

Ова истражување ќе се обиде да одговори и на прашањето: дали и социо-економските фактори кај верниците влијаат врз меѓуетничките односи?

## 2.2. Општествена цел на истражувањето

Постоењето на различни религии и етнички групи во нашево општество претставува демократска, мултирелигиозна и мултиетничка заедница која истовремено и помага на нашава држава полесно да ги претстави демократските вредности и полесно да ги оствари своите евроатлански аспирации. Оваа слика на нашево општество докажува дека процесот на толеранцијата е реален. Во случајов на Р. Македонија влијанието на религијата е значајно за подобрување на меѓусебните односи кај припадниците на различните етнички и религиски групи.

Практичната цел на ова истражување е да се потенцира позитивното влијание на религијата кога е во прашање почитувањето на различните ставови кои произлегуваат од традициите и културите на различните етнички групи.

Од друга страна, истражувањево ќе се обиде да ги покаже сите негативни последици кои можат да се појават во случај кога одредени релгиски чувства ќе се злоупотребат од страна на политичката и бизнис елита во рамките на разлчните етнички групи.

## 2.3 Задачи на истражувањето

Задачи на истражувањево се:

- да се проучи религијата како интегративен дел на младите во Скопје, која го поддржува различното по етничка припадност на своите верници;
- да се констатира дека различните религиски традиции ги збогатуваат културните вредности на етничките групи кај младите во Скопје;
- да се проучи на кој начин ИВЗ и МПЦ се промотори на зачувувањето и почитувањето на различните етнички групи кај младите во Скопје.

## 3 . Предмет на истражувањето

Предметот на истражување во овој труд е да се докаже нивото на религиското влијание врз почитувањето на вредностите на различните традиции, што потекнуваат од припадноста кон различните етнички групи во мултиетничко општество, какво што е македонското. Влијанието на религиските фактори е посебно значајно поради фактот дека помеѓу одредени политички субјекти и религиски заедници постои блискост.

Младите кои се исправени пред голем број егзистенцијални проблеми и дилеми можеби ќе ја искористат манифестацијата на класична религозност за да напредуваат во животот. Иста е ситуацијата и со конфесоналнте заедници кои на различни начини настојуваат да го привлечат вниманието на верниците. Ова истражување може да ни даде информаци и за степенот на религиозност кај младите, за степенот на религиозност според конфесионалната припадност како и да укаже на други фактори кои влијаат врз релгиозноста кај верниците.

## 4. Хипотези на истражувањето

## 4.1 Генерална хипотеза

Религијата влијае врз мултиетничките односи кај младите во Скопје.

## 4.2 Посебни хипотези

- религијата влијае врз мултиетнчките односи кај младите во Скопје;

-религијата влијае врз мешаните бракови кај младите во Скопје;

-религијата влијае врз толеранцијата кај младите во Скопје;

-семејното религиско едуцирање влијае врз мултиетничките односи кај младите во Скопје;

-верските манифестаци влијаат врз мултиетничките односи кај младите во Скопје;

-емитувањето на верски емисии влијае врз мултиетничките односи кај младите во Скопје.

---

## 5. Методи и техники на истражувањето

### 5.1. Интервју

Со длабинско интервју ќе бидат опфатени универзитетски професори и религиски великодостојници вкупно 25,универзитетските професори се по професија :социолози,психолози и хисторичари:

5 од УКИМ-Универзитет „Св. Кирил и Методиј";

5 од ДУТ-Државен универзитет во Тетово;

5 од ИВЗ- Исламска верска заедница ;

5 од МПЦ-Македонска православна црква

5 испитаници: три се од невладини организаци(младинскиот Исламски форум и невладината организација НОВА,пред се овие две организации се мултикултурни и мултиетнички составени,се занимаваат со решавање на клучните прашања на младите како:образованието кај младите,културата и однесувањето на младите во современото општество,религијата и нејзината вредност во формирањето на моралот кај младите,со еден збор иммат за цел зближување на сите млади во формирање на културно оптество без разлика на религиска или етничка разлика.Од политичките партии во ниво на градот Скопје интервјуто е направено со искусни политичари кои ги знаат проблемите со кои се соочуваат нашите млади.

Итервјуто со интелектуалната елита се одвива со цел да се испитаат нивните ставови околу влијанието на религијата во мултиетничкото општество.

Интервјуто со религиската елита има за цел да го открие нивниот став околу влијанието на религијата во мултиетничкото општество во случајот на Скопје.

Од двата типа испитаници ќе се согледаат нивните ставови за тоа во кои аспекти е повеќе изразено религиското влијание во македонското мултиетничко општество конретно случајот Скопје.

## 6. Анкета

Оваа методолошка постапка ќе се користи со цел да се испитаат ставовите и мислењата на младите во средното образование од четврта година во: ДСУ „Арсени Јовков“ општина Чаир, СУГС Гимназија „Јосип Броз“ општина Центар и АСУЦ „Боро Петрушевски, општина Гази Баба (вкупно 100), за влијанието на

религијата во мултиетничкото општество. Анкетата ќе се направи во Скопје во населбите Чаир, Гази Баба, Центар и Серава, кои се со мултиетнички карактер.

Примерокот е статифициран:

- пол,
- образование,
- етничка припадност
- религиска припадност и
- економски статус.

## IV Резултати од длабинско интервју

За целите на нашево истражување реализиравме длабинско интервју со 25 испитаници. Десет испитаници: пет од УКИМ и пет од ДУТ професори од високо образовните институции (факлутети). Десет испитаници беа од верската елита: пет верски службеници од Македонската православна црква и пет од Исламската верска заедница. Пет испитаници: три од невладините организации и два преставника од политичките партии беа на ниво на градот Скопје.

Во следниов дел накратко ќе ги објасниме мислењата и ставовите на испитаниците по одредени прашања добиени преку прашалникот за длабинско интервју.

**1. Според ваше мислење каков е степенот на религиозноста кај младите во градот Скопје?**

Ставот во врска со оваа прашање на испитаниците УКИМ е дека:.По сменувањето на комунистичкиот режим во Република Македонија кај младите во Скопје почна да доминира друго мислење за верата. Кај младите средношколци во Скопје очигледна е желбата повеќе да знаат за религијата. Тој интерес се манифестира на различни начини: со одржување семинари, анкети и различни свечености кои главно имаат религиска цел, т.е. запознавање со религиските правила кои учат на толеранција и почит.

Испитаниците од ДУТ истакнаа дека:со воведувањето на демократскиот сиустем евидентно е дека самите млади се чувствуваат слободни во реализирањето на програмите кои имаат верски карактер. Ова на некој начин зборува дека интересот кај младите во Скопје за религијата е зголемен.

Испитаниците од верската елита на ИВЗ во врска со оваа прашање истакнуваат дека религиозноста кај малдите веќе не се смета како нешто туѓо, туку

се чувствува дека кај нив тоа е прифатено, а во некои сегменти и секојдневие, на пример: носењето на религиозни симболи, однесувањето според религиските правила, посетеноста на религиските објекти.

Испитаниците религиската елита на МПЦ истакнаа дека религијата се повече присутна кај младите во Скопје,бидлив показател е дека во секојдневниот живот на младите во Скопје религијата е видлива и во духовен и материјален правец. Ова се должи, исто така, и на промените во општеството со кои на младите им се овозможи слободно да ги искажуваат своите религиозни чувства. Претставниците од невладините организации исто се позитивни во нивнот став дека кај младите средношколци степенот на религиозност постепено се развива и тоа во посебни моменти како, на пример: празнувањето на верките празници, именувањето на децата според религиските обичаи и сл.

Испитаниците од политичките партии истакнуваат дека:религиозноста кај младите средношколци е видлива бидејчи тоа се однесува на социолошките општествените промени, појавата на плурализмот со кој се воспоставени нови начини, односи спрема религијата кои, пак, овозможуваат поголема слобода во манифестирањето на религиозните чувства.

**2. Дали младите во градот Скопје припаѓаат кон убедени верници или традиционални?**

Во врска со ова прашање кај испитаниците од високите образовни институции УКИМ и ДУТ велат дека: кај малдите средношколци во градот Скопје преовладува почитувањето на религијата засновано на тоа што ги учеле нивните родители, односно има продолжување на традиционалното почитување на религијата. Овој начин на почитување кај младите во градот Скопје пред се се должи на влијанието што го имаат родителите врз нивните деца кога е во прашање религиското учење. Тоа се манифестира во начинот на учењето и практикувањето во кое јасно се гледа дека и покрај можностите на користење други начини на

религиско учење и практикување сепак, во практика преовладува традиционалното религиско учење и практикување.

Испитаниците од религиската елита ИВЗ и МПЦ околу ова прашање имаат идентично мислење . Потпирајќи се врз светите религиски норми кои за цел ја имаат едукацијата, религикста елита кај младите средношколци гледа повеќе традиционален систем на почитување и толкување на религијата. Ова го поткрепуваат со стилот на почитување што го гледаат кај младите, форма која се разликува многу малку од тоа што им го пренеле родителите. Според нив во колкав степен е присутна религиозноста кај родителите во толкав степен е видлива и кај нивните деца.

Испитаницит од невладините организацииистакнуваат дека: во некои сегменти кај младите средношколци се видливи убедувања различни од убедувањата на нивните родители, а тоа се должи на нивната возраст која е причина тие да имаат свои сопствени ставови кои во корен имаат иста цел, но во практикувањето има некои измени.

Испитаниците претставници од политичките партии преовладува ставот дека кај малдите и по реформите во нашето општество во политичкиот и другите системи сепак, е видлив традиционалниот начин на религиското учење и практикување. Ова го кажуваат врз основа на тоа дека младите се повеќе се во контакт со нивното семејство и мал е бројот на тие млади кои за нивните ставови одлучуваат сами без да се советуваат со родителите, т.е семејството. Имајќи ја предвид оваа слика, се разбира дека и во сферата на религиијата младите имаат такво практкување кое е традиционално.Најкрактеристичен е ставот дека на невладините организации бидејчи младите се повече за некои феномени се свесни и самите да си изградат собствено мислење во овој контекст и за религијата .

**3. Дали религијата ги подобрува мултиетничките односи кај младите во Скопје?**

Во врска со ова прашање испитаниците од религиската елита на ИВЗ истакнуваат дека религијата многу позитивно влијае врз мултиетничките односи не само кај младите средношколци од градот Скопје, туку и во целина има позитивно влијание. Во овој правец нивното мислење го потпираат врз интерпретацијата на светите правила клучни за правата и слободите на човекот, при што го истакнуваат светото правило: немој да убиеш! Ова свето правило не значи само телесно ликвидирање на човекот, туку ги опфаќа и духовнота и културната вредност на човекот во кој било правец.

Испитаниците од религиската елитан а МПЦ истакнуваат дека :религиските норми кои се однесуваат на моралот се правила кои помагаат во подобрувањето на етничките односи кај малдите во Скопје, едуцирајќи ги дека понижувањето или каков било вид омраза спрема различноста, која може да биде и религиска, во општество се забранети.

Испитаниците од ДУТ за ова прашање е речиси ист со религискиот став. Религијата придонесува во подобрувањето на етничките односи бидејќи секоја религија во своите редови има припадници од различен пол, па и припадници кои имаат различна етничка припадност.

Испитаниците од УКИМ истакнуваат дека:присуството на различните етнички групи во секоја религија претставуа голема културна и цивилизациска придобивка која помага во зближување на сите луѓе.Ниту една религија не била во својот состав хомогена- само еден вид на луѓе кои имале иста етничка припадност и се друго исто туку,секоја елигија е хетерогена – составена од различни етнички групи раси итн.

Испитаниците од невладините организации изразуваат дека: секоја религијата повикува на заеднички живот со исти вредности кои се за доброто на сите луѓе незаборавајќи ги при тоа и почитувањето и културните вредности на

човекот кои потекнуваат од минатато или се новитети кои се појавени во сегашното време.

Испитаниците од политчките партии за ова прашање истакнуваат дека религијата со своите учења кажува дека сите имаме човечко потекло кое придонесува за уривање на етничките разлики во нашето општество бидејќи де факто сите сме браќа и сестри и сите претставуваме голема фамилија во која треба сите да помогнеме против која било разлика што ќе има лоши последици врз оваа големо семејство. Во овој случај кај младите средношколци ова учење ќе претставува еден вид должност да се помогне и вреднува секој член на оваа голема фамилија. Најкаратеристичен е ставот на политичките партии бидејќи во корен сите сме еднкави по потекло ,сите сме луѓе и секој треба да заеднички да работиме за убав живот.

**4. Дали семејното религиско едуцирање ги подобрува меѓуетничките односи кај младите во Скопје?**

Во врска со оваа прашање испитаниците УКИМ утврдуваат дека битен феномен е семејното религиско едуцирање на младите генерации. Едукацијата во овој контекст има позитивно влијание врз мултиетничите односи кај младите. Тие го утрврдуваат нивниот факт потпирајќи се врз добриот морал на младите генерации кои имаат семејно религиско образование, кое пред се се манифестира во нивното однесување, учење и комуницарње со нивните училишни другари од различна верска и етничка припадност.

Испитаниците од религиската елита на ИВЗ и МПЦ за ова прашање ги истакна светите зборови кажани од Божјите пратеници кои укажуваат на тоа колку е значајно влијанието на родителите во едуцирањето на потомците во кој било правец, а посебно во сферата на религијата. Степенот на религијата, т.е. познавањето и почитувањето на религијата од страна на родителите е клучот за едукацијата и почитувањето на религиските правила од идините генрации.

Испитаниците од ДУТ истакнуваат дека:Семејството е првото гнездо каде што сите луѓе ги добиваат првите познавања за религијата и ги гледаат првите религиски практики. Секое семејство кое стои далеку од религиските учења и практики лошо влијае и врз потомците бидејќи релиските правила за однесувањето не се еднострани, туку нивната цел е почитување на сите Божји суштества.За младите средношколци кои се едуцирани во нивните семејства во ваков дух етничката, верската или која било друга разлика не претставува ѕид кој ќе ги спречи за позитивно однесување во општеството.

Испитаниците од политичките партии и невладините организаци за овој сегмент изразија најкарактеристично мислење. Факт е дека семејното религиско едуцирање има позитивно влијание кај младите средношколци. Семејството е првата скала на која секоја млада генерација се качува и потоа продолжува да ја гради културата и однесувањето. Религиското семејно влијание го манифестираат прифаќајќи ги обичаите и законите на другите етнички и верски припадници во нивните живеалишта. Ова е јасен показател дека семејното религиско учење е причина од мали години младите генерации да ги учиме да придонесат за соживот и почитување на вредносните елеменети на секој човек.

**5. Дали има потреба од воведување на предметот веронаука во основните и средните училишта?**

Испитаниците од политичките партии. Државните институции по независноста на Република Македонија за оваа прашање беа оптимисти, така што дури во втората половина од првата декада по независноста се отвори прашањето за воведување веронаука во основните и средните училишта. Ова покажува, исто така дека интересот на нашите политички партии бил голем. Во многу држави од Европската унијата со исклучок во последниов период на Франција веронауката е облигативен предмет за учениците од основното и средното образование. Имајќи

предвид дека нашата држава по нејзиното осамостојување има за цел интегрирање во Европската унија оваа европска вредност треба да се воведе и во нашава земја и во сите други земји кандидати за членство во унијата.

Испитаниците од невладините организации нивиот позитивен став го израија со прашањето:освен предметите со општествен и природен карактер зошто на младите средночколци да не им се овозможи да иммат предмет и по запознавањето на религиите?Невладините организацци за ова организираа дебати, семинари и други ангажирања со цел да се искаже неопходноста од овој предмет.

Испитанците од религиската елита ИВЗ и МПЦ за воведувањето на предметот веронаука во основното и средното образование ја имаат и план - програма во нивните устави. Исламската верска заедница и Македонската православна црква околу овој феномен беа најгласни. Иако во нашите основни училишта со согласнот од сите државни и религиски институции се воведе предмет кој до некаде на децата ќе им овозможи да се запознаваат со религијата и нејзината историја сепак, тие се скпетични околу достигнувањето на целта, бидејќи на учениците религијата им се пренесува од професори од општествени науки, а не од верски теолози. Исто така, религијата ќе им се пренесе како општ феномен без да им се објасни дека е Божји закон, што не е во склоп со самиот темел на светские религии :Исламот,Христијанството и Еврејството,додека реализирањето на овој предмет нее бо склоп и со европските вредности бидејќи таму теолозите се задолжени за ова прашање и предметот е јасно именуван, во споредба со предметот етика кој има сосема друго значење од зборот веронаука. Воведувањето на веронауката го образложуваат со фактот дека тоа е Божји свет закон и спрема ова да се имаа негативен став во смисол да не се учи Божјата објава претставува голем научен и културен недостаток кај нашите ученици средношколци.

Најкрактеристично мислење изразија испитаниците од УКИМ .За ова прашање се искажаа позитивно и оптимистички. Кога зборуваме за нивната позитивност треба да кажеме дека се согласуваат да се имаа предмет за религијата

и кој е веќе дел во нашите научни програми само со цел да имаме знаење за овој стар феномен кој го следи човекот од првите денови. Кога зборуваме за нивниот оптимизам сакам да ја искажеме нивната надеж дека нашите образовни институции за ова прашање ќе се вклопат со европските системи во кои учениците од основните и средношколски училишта предмет веронаука го имаат како задолжителен и им се предава од верски теолози.

Испитаниците од ДУТ истакнуваат дека:Воведувањето на веронауката во нашите основни и средни училишта го образложуваат со фактот дека и тоа е знаење и во неа има вредности за човекот и општеството во кој било правец, во овој контекст и за науката и за културата на човекот.

**6. Дали верските манифестации од страна на верските институции влијаат врз мултиетничките односи кај младите во Скопје?**

Испитаниците од ДУТ околу верските манифестации кои се организирани од верските институции се согласија отворено. Кога се зборува за верски манифестации треба да се истакне дека во нив средношколците се запознаваат со верската отвореност. За зборот верска отвореност сакаме да кажеме дека средношколците ќе бидат отворени за заеднички религиски манифестации, како на пример: концерти со религиски песни, одржување верски прослави за празниците меѓурелигиски состаноци итн.

Испитаниците од УКИМ истакнуваат дека:правењето меѓурелигиски средби со посебен карактер средбите за големите религиски празници е еден вид уметност помеѓу различните верски припадници,исто така во вакви моменти различните јазици претставуваат културно збогатување.

Испитаниците од религиската елита на ИВЗ за оваа прашање истакнаа дека манифестациите претставуваат општествена човечка вредност, па истата вредност

ја имаат и религиските манифестацци кои имаат за цел да покажат религиска култура.

Испитаниците од религиската елита на МПЦ истакнуваат дека:целта на верските манифестации е изразување на религискиот дух што го поседуваа одредена религиска група која имаа за цел тоа да им го пренесе и на другите религиски припадници.

Испитаниците од невладините организации исткана дека:секоја религија наредува доброто да им се пренесе на сите, се подразбира дека во пренесувањето на доброто не треба да се прави религиска или јазчна разлика, доброто не е одредена убавина која им припаѓа само на една група луѓе, туку таа им припаѓа на сите. Во овој контекст учеството на младите средношколци во различни религиски манифестации претставува голем придонес за почитување на различните етнички и религиски вредности и избегнување на недоразбирањето помеѓу младите во нашево општество.

Нјакарактеристично мислење исразија политичките партии.Нивниот сав е дека:за религиските манифестации истакнаа дека тоа е голем напредок за нашето општество. Организирањето на религиските манифестации посебно со новиот тренд во кои покровители се припадници на различни религии претставува голем знак за почитувањето на вредностите на различноста во нашето мултиетничко и мултирелигиско општество. Самото присуство на припадници од сите религии ги урива до некаде сите ѕидови на разликите и гради културна вредност која има за цел почитување на сите луѓе и на нивните различни вредности. Што повеќе манифестации толку повеќе почит и разбирање помеѓу различните.

**7. Дали според ваше мислење почитувањето на верските обичаи од страна на интелектуалната и верската елита влијае врз моралот на младите ?**

Испитаниците од политичките партии изразија дека: почитувањето на религиските обичаи од страна на интелектуалната и верската елита е многу значајно не само за младите, туку во целина за сите луѓе. Кога зборуваме за интеклтуалните кругови и нивното почитувања на религиските обичаи треба да се истакне дека нивните постапки многу влијаат кај младите средношколци во правец на тоа дека кај младите ќе се формира мислење дека религијата не е само за една група луѓе, како што е вообичаено кај нас мислењето, дека само од теолози треба да се почитуваат верските обичаи. Да се гради ваков начин на мислење е голем придонес за подобрување на моралот кај младите бидејќи само теоретскиот аспект нема да има влијание кај младите се додека нивните учители и теолои тие обичаи не ги спроведуваат во праксата.

Испитаниците од невладините организации за оваа прашање истакнаа дека:моралот најмногу се гради и влијае кај другите со практикување, со реализирање на обичаите на дело со псебно значање кај младите средночколци кога тоа се прави од познати влијателни лица.

Испитаниците од религиската елита на ИВЗ изразија дека:секој религиски морал успеал во секое општество да има поддршка и почитување од страна на луѓето во целина, а посебно од младите кога во тие опшества религиските и интелектуалните елити ги имаат заеднички почитувано вредностите на секоја религија. Секоја религија наредува нејзините припадници да бидат пример со нивните мислења, говори и дела. Посебно значење се дава на нивите дела поради фактот дека секогаш во општество влијаело повеќе делото на човек отколку мислењата или нешто друго. Во овој контекст кога зборуваме за младите, за формирањето на нивниот морал големо влијание има почитувањето на религиските обичаи од страна на политичките и религиските претставници.

Испитаниците од ДУТ во врска со оваа прашање велат дека секој религиски обичај што се манифестира од религиските и од интелектуалните елити позитивно влијае врз моралот на младите. Вреднувањето и почитувањето на религиските обичаи секогаш резултирале со подобрување на моралот, а истовремено и со понатамошно почитување на тој обичај кој во суштина има за цел подобрување на моралот на секој човек.

Испитаниците од УКИМ истакнаа дека:секој религиски обичај кој се почитува од личностите кои имаат авторитет во општеството претставвуа пример за другите и тие да изразат позитивно мислење. За моралот на младите секогаш имало потреба убавите нешта да им се пренесат од луѓе кои имаат влијание во некои сфери, значи моралот на младите ќе се подобри кога религиските обичаи ќе бидат заедно почитувани од интелектуалната и религиската елита.

Најкарактеристично мислење изразија испитаниците од религиските елита на МПЦ.тие исктакнаа дека: овој феномен е еден од главните фактори за да имаме од една страна позитивно мислење за самата религија, а од друга страна и добар морал кај младите. Фактот дека во секојдневието на младите често се гледа една пасивност во врска со почитувањето на моралните вредности кои потекнуваат од релиските извори јасно кажува дека имааат потреба од луѓе кои нивниот живот со своите можности го живеат во согласност со религиските правила.

**8. Дали постои можност за одржување на редовни емисии со мешан верски карактер?**

Испитаниците од религиските елити на ИВЗ за оваа прашање истакнаа дека еден од начините што помага подлабоко да се има јасна слика за релгијата, а истовремено да покаже дека етничикте односи се позитивни, е и одржувањето на емисии со мешан религиски карактер што ќе се пренесат на различни јазици. Околу прашањето дали е можно да се имаат вакви емисии според религиските елити не само што е можно, туку во овој правец сме задоцниле во споредба со соседните држави, како на пример: Албанија во која веќе пет години по ред се емитуваат

емисии со мешан религиски карактер; Бугарија која има и посебни канали каде повеќе од половина од нивните програми се посветени на емисии со мешан религиски карактер.

Испитаницие од религискта елитан а МПЦ во врска со оваа прашање истакнаа дека:во нашево општество, за жал постои песимизам кога е во прашање овој феномен, а причините не можеме да и ги оставиме само на една институција, туку за оваа сите сносиме одговорност. Треба да се потенцира дека колку повеќе доцниме во овој правец толку помалку луѓето ќе имаат лесен пристап до запознавањето на религиските норми и обичаи. Во овој контекст религските елити истакнуваат оптимизам дека на нашите граѓани ќе им се овозможат емисии со мешан религски каратер. Но, тие емисии без разлика дали ќе ги емитуваат приватни или државни канали треба да бидат пренесени од одговорни теолози само со цел да се избегне погрешно, невистинито или радикално религиско предавање.

Испитаниците од политчките партии нивниот став за оваа прашање е позитивен Секој лесен начин кој може да се користи за доближување на религиските разликите помеѓу луѓето во општеството треба да се поддржи. Во овој контекст голем придобивка ќе имаме ако на нашите тв канали редовно имаме релгиски емисии, а не само за големите празници како што веќе е вообичаено кај нас.

Испитаниците од невладините организации во врска со оваа кажаа дека:емисиите со мешан религиски карактер помагаат луѓето во поголема мера да бидат запознаени со религијата бидеќји подготвениот религски материјал преку тв емисиите секому му дава можност на најлесен начин да добие повеќе знаење за својата религија и да ги запознае другите религии. Имајќи предивид дека познавањето на религиските обичаи има влијание, посебно кај младите кои лесно прифаќаат појави и влијанија од различни тв емисии, мешаните реглиски емисии ке бидат позитивни за нашето општество .

Испитаниците од ДУТ истакнаа дека:о овие емисии граѓаните нивната религиска култура ќе ја множат, религските концепти ќе бидат поблиску до сите луѓе, еднотавно кажано, медиумот има големо влијание во запознавањето и пренесувањето на религиските вистини во општеството. За жал, во македонсково општество има малку вакви емисии, речиси и не постојат, а пренесувањето на религиските вредности преку емисии се прави само кога имаме посебни религиски празници. Тоа, да признаеме е мал придонес за запознавање на религиските вредности. Најкарактеристични мислеље изразија испитаниците од УКИМ истакнаа дека емисиите со мешан религиски каратер имаат големо позитивно влијание во секое општество бидејќи секое лошо мислење околу која било религија со тие емисии ќе може да се отстрани и гледачите да се запознаат со вистинска цел на секоја религија. Емисиите со мешан религиски каратер, исто така помагаат да се тргне секоја нејаснотија, при што имаме можност повеќе да научиме за сопствената вера, а со тоа и за другите религски норми или правила.

## Заклучни согледувања од спроведеното интервју

Врз основа на дадените одговори од страна на трите групи испитаници (претставниците на религиските елити од ИВЗ и МПЦ, претставниците од трите средни образовни институции и претставниците од политичките и невладините организации), и нивните истакнувања поткрепени со слободното мислење за поставените прашања можеме да ги претставиме следниве заклучоци:

-Трите групи испитаници имаат речиси еднаков став дека степенот на религиозноста кај младите во градот Скопје денес е на повисоко ниво ако се спореди со периодот што ни претходеше. Според сите три групи испитаници оваа промена кај младите е последица на појавата на плурализмот или наједноставно кажано е последица на општествените промени кои ја зафатија нашата држава. Новите промени во нашето општество се, исто така и причина да имаме нов тип на мислење и однос спрема религјата. Претставниците од политичките партии и раководните лица од трите средни училишта имаа сличен став дека меѓу младите

средношколци во градот Скопје преовладуваат традиционалните верници. Од друга страна претставниците од религиските елити мислат дека со текот на времето младите средношколци се повеќе се убедени отколу традиционални, додека според мислењето на невладините организации кај младите преовладува мешан традиционален и убеден начин на почитување на религиските обичаи бидејќи младите во повеќето случаи се поотворени за многу прашања, а тој начин на мислење прави тие да имаат ваков пристап. Сите три групи испитаници се едногласни дека во нашето општество треба да се вложува повеќе во сферата на религиозноста со цел полесно и појасно да им да претстави значењето на религијата и нејзините вредности. Тоа ќе се направи со зечестени семинари, концерти, емисии и други актиности кои од поблиску ќе ги информираат младите за верските вредности. На крај, треба да се истакне дека на овој сегмент треба многу да се работи имајќи го предвид слабото искуство што го има нашето општество.

## V РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

Религиозноста како мултидимензионална појава во зависност од истражувачот се изучува со различни индикатори. Како што веќе кажавме религиозноста најцелисходно е да се испитува со индикаторите кои припаѓаат условно речено на две области.

Во првата група спаѓаат индикаторите кои се однесуваат на духовното (на пример: верувањето во Бог, Божјите ангели, задгробен живот итн), а во втората група индикаторите се однесуваат на практичното однесување на испитаниците (на пример: одењето во џамија или црква, клањање,молитви итн). Во ова истражување религиозноста беше операционализирана, односно согледувана во четири сегменти.

Прашањата кои беа користени во анкетата се однесуваа токму на четирите аспекта на религиозноста, и тоа: верувањето во светото, однесувањето на испитаниците во оштеството кое извира од моралните аспекти на религијата,

религиозната пракса и познавањето на теолошката доктрина на сопствената религија.

Облици на религиозноста

Добиените резултати од анкетата се заеднички за припадниците од двете верски заедници, но да напоменеме дека прашањата од вториот дел на прашалникот се различни и се формулирани според верската припадност на испитаниците. Со овие две методи ќе се обидеме да ја прикажиме општата слика на религиозноста кај малдите во градот Скопје.

Прашањата и одговорите на прашањата ќе бидат подредени така што ќе ги опфатат сите сегменти на религиозноста, почнувајќи од верувањето во светото, практикувањето или религиозната пракса, моралните обрасци на однесувањето во општеството кои произлегуваат од верските учења и системот на знаења кои секоја религија ги нуди.

## Табела 1

| | Не | Не знам | Да | |
|---|---|---|---|---|
| Во Бога треба да се верува? | 3.5 % | 3.7 % | 92.8 % | 100 % |
| Според религијата Бог е творец на се што постои. | 12.5 % | 5.7 % | 81.8 % | 100 % |
| После минливиот живот дали не чека друг живот? | 10. % | 6.4 % | 83.6 % | 100 % |
| Дали религијата поседува морални вредности ? | 11.4 % | 12.5% | 76.1 % | 100 % |
| Дали религијата поседува толеранција и хуманост? | 2.5 % | 7.8% | 89.7% | 100 % |

Во табелата број 1 се опфатени прашањата и одговорите на двата сегмента на религиозноста: верувањето во светото и вториот сегмент: религијата освен верувањето дали поседува правила со општестсвен карактер како на пр:хуманоста ,толеранцијата итн. Кога станува збор за овие два сегмента на религиозноста од табелата се гледа дека голем број од анкетираните се изјасниле позитивно, односно се согласуваат со горенаведените ставови во прашањата. Во неформални разговори со средношколците како причини за позитивното мислење се наведуваат: фамилијарната едукација и околината каде што пораснале младите која традиционалано била верна на реллигиските учења . Како причини за негативното мислење се наведуваат: слаботo фамилијарно едуцирање за познавање на релифиските правила и слабата желба за познавање на религиските вредности.
Со оглед на застапеноста на овие два сегмента на религиозноста кај испитаниците, можеме да заклучиме дека се присутни облици на религиозност кај средношколската младина во Скопје.

## Облици на манифестирање на религиозноста (религиозна пракса)

## Табела 2

| | Не | Не знам | Да | |
|---|---|---|---|---|
| Дали ви пречи присуството на други верници во црква? | 60 % | 20 % | 20 % | 100 % |
| Дали ви пречи присуството на други верници во џамија? | 90 % | 10 % | 0 % | 100 % |
| Дали посакувате присуство на припадници на други религи и етники групи во вашата куќа за убави моменти? | 10. % | 6.4 % | 83.6 % | 100 % |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Дали би ви пречило честитањето на празниците од други верски и етнички заедници? | 11.4 % | 12.5% | 76.1 % | 100 % |
| Дали посакувате постоење на други верски објекти? | 2.5 % | 7.8% | 89.7% | 100 % |

Во табелата број 2 јасно се гледа дека кај младите средношколци има мултирелигиски дух и зачувување на мултирелигискиот карактер на нашето општество. Од добиените резултати видливо е дека младите средношклци поседуват мултирелигиски концепт за религијата,со оваа сакаме да кажеме дека не им пречи присуството на други верници во џамија или во црква .Исто така овој концепт освен што го манифестиираат во светите објекти истиот го изразуваат и во нивните домови за убави моменти без разлика дали за верски празници или други убави моменти.Во неформалните разговори како причини за позитивното мислење се истакнуваат:традиционалното мултирелигиско живеење и културното збогатување со посета на различни религиски објекти .Причините за негативното мислење се појавуваат:местото на живеење нее мултирелигиозно и слабиот интерес кај младите за познавање на различни религиски вредности.

Можеме да заклучиме дека кај младите средночколци има мултирелигиски концепт за живеење.

## Облици на манифестирање на религиозноста

## Табела-3

| | Не | Не знам | Да | |
|---|---|---|---|---|
| Дали придонесувате за подобрување на верските и етничките односи воопшто? | 15 % | 25 % | 60 % | 100 % |
| Дали би стапиле во брак со припадници на друга вера и етничка група, различна од вашата? | 84.4 % | 9.4 % | 6.3 % | 100 % |
| Дали посакувате да работите во средина каде има верска или етничка различност ? | 13.5 % | 10.4 % | 76.1 % | 100 % |
| Дали жалите за неубавите моменти кај младите поради верска или етничка разлика? | 11.3 % | 2.1% | 86.8 % | 100 % |

Во табелата 3 се опфатени прашањата и одговорите за третиот сегмент на религиозноста: влијанието на религиозноста врз мултиетничките односи кај младите во Скопје.Во третата табела видливо е дека кај младите средношколци во Скопје религијата има влијание врз мултиетничките односи, но не со голем процент.

Позитивното влијание на религијата најмногу се покажува во сферите кои придонесуваат за подобрување на етничките и верските односи,работното место каде има различни припадници на религиски и етнички групи и солидарноста (жалењето) за немилите настани кај нашите млади поради етнички или верски разлики.Како причина за овие две феномени се наведуваат:желбата за мирен и

спокоен за сите млади во Скопје,традиционалниот мултиетнички и мултирелигиски живот и работа и почитувањето на различните религиски и етнички вредности во нашето општество.Слабото влијание на религијата се изразува кога е во прашање мешаниот брак т.е. младите средношколци 84,4 % се изразиле дека не би стапиле во брак со тие кои имаа различна вера од нивната.Како причина се истакнуваат:фамилјарната едукација, самата верска разлика помежу брачниот пар и кај некои беа во прашање идентификацијата на фамилјата по религија:дали се мулслимани или православни . Врз основа на добиените резултати можеме да заклучиме дека облиците на религиозност кај средношколската младина имајќи ја предвид возраста на испитаниците е на високо ниво. Од самото изјаснување на испитаниците, од резултатите добиени по пат на наблудување, како и од неформалните разговори, видливо е дека само во едне аспект (мешаниот брак) религиозноста има слаба присутност кај средношколската младина во Скопје.

Според процентот од изјаснувањето на испитаниците, можеме слободно да констатираме дека општата слика за религиозноста на средношколската младина се карактеризира со голем степен на религиозност.

## Облици на манифестирање на религиозноста ( религиозна пракса)

### Табела 4

| | никогаш | ретко | редовно | |
|---|---|---|---|---|
| Колку често го посетувате религискиот храм? | 12 % | 42.5 % | 45.5 % | 100% |
| Дали посетувате други верски објекти? | 60 % | 15 % | 25 % | 100% |
| Дали редовно одите во џамија? | 6.2 % | 66 % | 27.8 % | 100% |

Во табелата број 4 се опфатени два клучни сегмента кои во себе содржат меѓурелигиско почитување и познавање на вредностите на религиските објекти од различен карактер. Почитувањето на религиските објекти кај младите средношколци е во пораст. Во пораст е и интересот на младите средношколци во Скопје за посета на други религиски објекти имено, 25% од испитаниците се изјасниле дека редовно посетуваат други верски објекти, а 15% дека ретко посетуваат други верски објекти. Од одговорите на испитаниците од православната и исламската вероисповед на прашањето: Колку често го посетувате религискиот храм и дали одите редовно во џамија? јасно се гледа дека процентот на тие кои одат редовно или ретко кај двете групи е висок севкупно 88% кај православните, а 93.8% кај испитаниците од исламската вероисповед. Околу посетата на другите релиски објекти 60% се изјасниле никогаш, 15% ретко и 25% редовно. Од овие бројки можеме да заклучиме дека интересот кај младите за посета на религиски објект и други религиски објекти е доста голем.Причините за позитивното мислење кај двете групи се истакнуват:самото почитување на религиските норми и интересот кај младите за подобар мултирелигиски живот што го изразуваат со посета на различни религиски објекти .

## Облици на манифестирање на религиозноста (познавањето на теолошката доктрина на сопствената религија)

## Табела 5

| | Точен одговор | Погрешен одговор | Без одговор | |
|---|---|---|---|---|
| Кој е третиот исламски шарт | 66 % | 21 % | 13 % | 100% |
| Кој од наведените поими ја означува светата тајна | 40.4 % | 52.5 % | 7.1 % | 100% |

Во табелата број 5 се опфатени прашањата и одговорите на четвртиот сегмент на религиозноста:"Познавањето на теолошката доктрина на сопствената религија". Со оглед на разликите во теолошките доктрини на двете религиски заедници и неможноста испитаниците да одговараат на исти прашања се обидовме застапеноста на овој сегмент да ја согледаме со анализирање на одговорите на по едно прашање за испитанците од едната и другата религија.

Во оваа табела јасно се гледа дека познавањето на религиската доктрина кај младите од двете религии е задоволително зашто од испитаниците од православната вероисповед точно одговориле 40.4%, а од испитаниците од исламската вероисповед 66%. Погрешен одговор дале 21% од испитаниците од исламската вероисповед и 52.5%. од испитаниците од првославната вероисповед. Што се однесува до процентот на тие кои не одговориле на овие две прашања кај едната група (исламската) е 13%, а кај другата (православната) 7.1%. Имајќи ја предвид возраста на испитаниците бројот на тие кои точно одговориле е поголем. Причините за точните одговори се наоѓаат во пратикувањето на верските обичаи и општото знаење за религиските учења. Причината за погрешните одговори и неизјаснувањето на испитаниците на овие прашања е слабото познавање на религиските учења .

# РЕЛИГИОЗНА И КОНФЕСИОНАЛНА ПРИПАДНОСТ

Религиозноста кај младите во овој транзициски период се зголемува од различни причини. Како највлијателна причина е правото и слободата на изразување и практикување на религиските обичаи. Во почетокот на ова истражување кажавме дека истражувањето се однесува на испитаниците на двете најголеми верски заедници православната и исламската. Ќе се обидеме да направиме споредбено согледување на религионоста кај припадниците од православната и исламската вероисповед во рамките на општата слика за религиозноста на средношколската младина во Скопје.

## Религиозноста и конфесионалната припадност

## Табела 6

| | Во Бога треба да се верува | | | После овој минлив живот дали не чека друг живот ? | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВЕРСКА ПРИПАДНОСТ | Не | Не знам | Да | Не | Не знам | Да | |
| ПРАВОСЛАВНА | 1.8% | 11% | 87.2% | 7.4% | 42.5% | 50.1% | 100 % |
| ИСЛАМСКА | 0% | 3.8% | 96.2% | 2.9% | 0.1% | 97% | 100 % |

Од податоците во табелата број 6 се гледа јасна разлика во прифаќањето на ставовите од индикаторите во зависност од верската припадност на испитаниците. Така, на пример, за ставот: “Во Бога треба да се верува“ скоро сите испитаници се согласуваат како од православната (87.2%) така и од исламската вероисповед (96.2%), разликата околу ова прашање е многу мала. На прашањето: После овој

минлив живот дали не чека друг живот? поголем број од испитаниците од исламската вероисповед одговориле позитивно (97%). Кај испитаниците од православната вероисповед бројот е помал (50.1%). Причина за согласувањето со првото прашање е тоа дека нашето општество во целина е религиско. Што се однесува на одговорите од второто прашање имаме видливи разлики. Причината за позитивните одговори од двете религиски групи е верска, т.е. таа верска наредба во која треба да се верува. Од разговорите со испитаниците кои одговориле: не или не знам, дознаваме дека причината за таков одговор е заинтересираноста за овоземските вредности кои потекнуваат од верата. За тие работи кои не се однесуваат на овоземскиот живот дел од испитаниците го изразуваат своето лично (атеистичко) убедување дека тој свет не постои.

## Верската припадност и облици на манифестирање на религиозноста

## Табела 7

| | Дали се молите во текот на денот | | | Дали клањате намаз | | | Дали давате зеќат | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВЕРСКА ИПАДНОСТ | редовно | Ретко | никогаш | редовно | ретко | никогаш | Редовно | ретко | Никогаш | |
| АВОСЛАВНА | 49.1 % | 40.1 % | 10 % | 30 % | 45 % | 25 % | 25 % | 60.2 % | 15.7 % | 100 % |
| СЛАМСКА | 40.1 % | 50.5 % | 9.4 % | | | | | | | |

Во табелата 7 се гледа дека и во делот на религиското практикување кај младите средношколци разликата не е многу голема. На прашањето: Дали се молите во текот на денот? и двете групи позитивно одговориле или 49.1% од православната и 40.1% од исламската група испитаници. На прашањата кои се однесуваат само на испитаниците од исламската вероисповед: Дали се клањате и дали давате зеќат?“ помал број испитаници одговориле дека редовно ги

извршуваат овие должности во спопредба со оние кои ретко или никогаш не ги практикуваат .

## РЕЛИГИОЗНОСТА И СОЦИЈАЛНОТО ПОТЕКЛО

Покрај верската припадност и полот на испитаниците друга независно променлива варијабила во испитувањето на влијанието на религиозноста врз создавањето на вредносниот систем кај средношколската младина го земаме материјалниот статус на домаќинствата. За испитувањето да добие поголема прегледност извршивме групирање на домаќинствата според вкупните месечни приходи, и тоа: во првата група се низок слој на домаќинства со вкупен месечен приход до 12.000 ден,; во втората група се среден слој на домаќинства со вкупни месечни приходи од 12.000 до 20.000 ден. и во третата група се висок слој на домаќинства со вкупен месечен приход над 20.000 ден.

### Облици на манифестирање на религиозноста и материјалниот статус во домаќинствата

**Табела 8**

| Во Бога треба да се верува | | | После овој минлив живот дали не чека друг? | | Човекот ќе одговара пред Бога за неговите постапки | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Материјален статус | Не | Да | Не знам | Не | Да | Не знам | Не | Да | Не знам | |
| Низок | 1.1 % | 96.5 % | 3.4 % | 3 % | 97.9 % | 9.1 % | 0.1 % | 94.8 % | 5.1 % | 100 % |
| Среден | 0.9 % | 97 % | 2.1 % | 1.8 % | 80.1 % | 8.1 % | 0.3 % | 57.6 % | 38.1 % | 100 % |
| Висок | 1.6 % | 94.2 % | 4.2 % | 1 % | 60.1 % | 8.9 % | 6.5 % | 25.4 % | 68.1 % | 100 % |

При анализа на податоците од табелата 8 се гледа мала разлика кога е во прашање првиот индикатор: “Во Бога треба да се верува“. Околу ова прашање сите испитаници без разлика на нивниот материјален статус и верска припадност се речиси блиски. Видни разлики има кога е во прашање вториот индикатор: “После овој минлив живот дали не чека друг?“ Испитаниците од нискиот слој одговориле позитивно, а средниот и високиот слој за оваа прашања имаат значителни разлики: нискиот слој: 97.1%, средниот: 80.1%, додека високиот слој се изјаснил најнегативно 60.1%. Што се однесува до третиот индикатор: “Човекот ќе одговара пред Бога за своите сопствени постапки“ од нискиот слој позитивно се искажале 97.3%, од средниот слој 57,8%, а од високиот слој само 25,7%. Од горенаведените податоци можеме да заклучиме дека младите средношколци во нашево општество независно од материјалниот статус кога е во прашање верувањето во Бога се речиси еднакви од едноставна причина дека тоа е темелот на секоја религија. За второто и третото прашање: дали после овој живот не чека друг и дали човекот ќе одговара пред Бога, нискиот слој во целина се изразил позитивно бидејќи тоа е верска наредба, додека кај средниот и високиот слој има видни разлики поради некои нерелигиски мислења, како на пример: дали некој бил таму или каде се наоѓа тоа место каде што се дава одговор пред Бога; други иако веруваа тоа го изразуваа со резерва поради некаков си страв дека пред Бога ќе одговараме.

## Материјалниот статус во домаќинствата и облици на манифестирање на религиозноста

### Табела 9

| | | Дали се молите во тект на денот? | | | Коку често го посетувате религискиот храм? | | | Дали постите? | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЕРСКА ПРИП. | Материјален статус | не | Да | Не знам | Не | Да | Не знам | Не | Да | Не знам | |
| РАВОСЛАВНА | Низок | 5.1 % | 89.9 % | 5 % | 15.2 % | 45.4 % | 39.4 % | 9.7 % | 60.1 % | 30.2 % | 100 % |
| | Среден | 35 % | 49.4 % | 11.6 % | 34.2 % | 10.5 % | 55.3 % | 20.3 % | 50.5 % | 29.2 % | 100 % |
| | Висок | 45 % | 29.9 % | 25.1 % | 38.7 % | 22.2 % | 39.1 % | 82.1 % | 15.1 % | 2.8 % | 100 % |
| ИСЛАМСКА | Низок | 10.1 % | 86.5 % | 3.4 % | 3 % | 87.9 % | 9.1 % | 0.1 % | 84.8 % | 15.1 % | 100 % |
| | Среден | 29.9 % | 67 % | 3.1 % | 30.8 % | 60.1 | 8.1 % | 4.3 % | 77.6 % | 18.1 % | 100 % |
| | Висок | 31.6 % | 34.2 % | 34.2 % | 71 % | 20.1 % | 8.9 % | 19.5 % | 75.4 % | 5.1 % | 100 % |

Од податоците во табелата 9 се гледа дека во практикувањето на религиските обичаи имаме видливи разлики за учеството, во зависност од материјалниот статус на испитаниците. На прашањето: дали се молите во текот на денот, бројот на испитаниците од нискиот слој на домаќиствата со православна вероисповед кои се изјасниле дека редовно се молат во текот на денот е значително поголем (89.9%) во споредба со бројот на испитаниците од средниот слој (49%) и високиот слој (29.9%). Исто така, бројот на испитаниците од нискиот слој на домаќинствата со исламска верска припадност кои се изјасниле дека редовно се молат во текот на денот е 89.1%, на средниот слој е 67.9%, додека на високиот слој е 34.9%. Од овие податоци што се земени од испитаниците јасно се гледа дека нискиот слој и од исламската и од православната вероисповед е поредовен во извршувањето на верските обичаи. Слично е и со одговорите на прашањето: колку често го

посетуваат религискиот храм, со да се изјасниле 45.4% од испитаниците со православна вероисповед од нискиот слој, 10.5% од средниот слој и 20.1% од високиот слој. Испитаниците од исласмката вероисповед за тоа колку често го посетуваат религискиот храм се изјасниле вака: нискиот слој се изјаснил потврдно со 87.9%, средниот слој со 60,3%, додека високиот слој со 20.1%. За третиот индикатор:"Дали постите?" имаме помали разлики меѓу нискиот и средниот слој кај православните испитаници кои се биски во своите изјаснувања: со „да" од нискиот слој за ова прашање се изјасниле 60.5%, од средниот слој 50.9% и од високиот слој се изјасниле 15.1%. И испитаниците од исламска вероисповед за оваа прашање се блиски во своите изјаснувања, од нискиот слој се изјасниле: да 84.5%, од средниот слој 74,9%, додека од високиот слој 77,9%. Во целина се гледа дека нискиот слој во сите споменати индикатори е позитивен. Ако гледаме историски, нискиот слој секогаш бил тој што повеќе ги почитувал верските обичаи од проста причина дека тоа е верска наредба. Што се однесува до средниот слој кај двете религиски групи се гледа дека практикувањето на религските норми не е толку често поради различните обврски во животот како, на пр.: тешката физичка работа, студиите или слабата заинтересираност за практикување на религиските норми. Кај високиот слој имаме разлика кога е во прашање практикувањето на некои религиски норми, пример: постењето како верска наредба кај муслиманите е поголема бидејќи оваа наредба носи големи добрини според религијата, додека кај православните бројот на оние што постат е помал, а како причина се наведува неиздржувањето до крај да се пости. За првото и второто прашање процентот е скоро ист кога е во прашање непочитувањето на религиските норами, а како причини се наведуват: многубројните обврски во нивната работа, традицицијата, односно минатото во кое ретки биле тие богати слоеви како редовни практикувачи на религските норми и доминацијата на атеистички мислења наспрема религиските правила. Од оваа табела, исто така се гледа дека испитаниците од исламска вероисповед се изјасниле во поголема мера

практикувачи на верските обичаи во споредба со нивите пријатели од православна вероисповед.

## ВЕРСКАТА ПРИПАДНОСТ И СТАВОТ СПРЕМА МЕШАНИТЕ БРАКОВИ

Бракот е света општествена институција која постои откога постои и човечкото општество. Секое човечко општество не можеше да постои ако пред тоа не постоеше бракот. Бракот има многу значења, но најглавните од сите значења се солидарноста и спокојството помеѓу мажот и жената. Влијанието на степенот на религиозност кај младите врз зачестеноста на мешаните бракови (во кој спопружниците се од различна конфесионална вероисповед) ќе го согледаме преку одговорот на прашањето: “Дали би стапиле во брак со лице од друга вероисповед?“

## Верската припадност и ставот спрема мешаните бракови

**Табела 10**

| | Дали би стапиле во брак со луѓе од друга етничка група или вероисповед различна од вашата | | | |
|---|---|---|---|---|
| ВЕРСКА ПРИПАДНОСТ | Да | Не | не знам | |
| ПРАВОСЛАВНА | 10.1 % | 70.5 % | 19.4 % | 100 % |
| ИСЛАМСКА | 8.5 % | 71.1 % | 20.4 % | 100 % |

Од податоците во табелата 10 во поглед на прашањето :“Дали би стапиле во брак со лице од друга вероисповед“ не се гледа значителна разлика во одговорите на испитаниците од двете религии. Така, на пример, процентот на испитаниците од православна вероисповед кои негативно одговориле на поставеното прашање е 70.5%, а процентот на испитаниците од исламска вероисповед кои се изразиле идентично е 71.1%. Како главна причини за ваквиот став се истакнува идентификацијата и едукацијата на децата, односно дали децата да бидат едуцирани и идентификувани како муслимани, христијани или припадници на некоја друга религија. Потврдно за оваа прашање се искажале речиси идентичен број испитаници од двете религии: 8.5% од испитаниците од исламска вероисповед 10.1%. од православна вероисповед. Во разговор со тие кои потврдно одговориле на ова прашање се истакнуваше љубовта или материјалниот статус-богатството. Кај оваа група идентификацијата дали се припадници на некоја религиска група немаше улога, а околу едуцирањето на децата кажуваат дека ќе ги користат општите човечки норми за култура –едукација.

## Материјалниот статус во домаќинствата и облици на манифестирање на религиозноста-ставот спрема мешаните бракови

## Табела 11

| Дали би стапиле во брак со луѓе од друга вероисповед или друга етничка група различна од вашата | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Материјален статус | Да | Не | не знам | |
| Низок | 8.0 % | 70.4 % | 21.6 % | 100 % |
| Среден | 12.5 % | 77.3 % | 10.2 % | 100 % |
| Висок | 30.1 % | 25.6 % | 44.3 % | 100 % |

Од податоците во табелата 11 се гледа дека изборот на брачниот другар од друга вероисповед е малку прифатлив. Кај испитаниците од високиот слој потврдно одговориле 30.1%. Како причина се наведува убавиот материјален живот во кој на преден план е исполнувањето на желбите на двете страни при што се запоставуваат религиските норми од младата брачна двојка. Како втора причина се наведува и традицијата во местото каде што живеат, т.е. има млади брачни двојки кои живеат на различни места но традиционално стапуваат во брак со тие кои не се од нивните родни места, пр: некои градови од југоисточна Алабанија со градови од југозападна Македонија (Корча, Поградец, Охрид ,Струга) или градови од југоисточна Македонија со градови од северна Грција (Гевгелија, Солун итн). Што се однесува до средниот и нискиот слој потврдно за ова прашање од нискиот слој се изкажале 8.0%, а од средниот слој 12.1%. Како причини се наведуваат љубовта помеѓу младите или долгото познавање на културни вредности кај младите брачни двојки. Нискиот и средниот слој имаат идентични негативни одговори на ова прашање (70%), а како причини се наведуваат: религијата, според која секој треба да стапи во брак со припадник–чка од својата религија; фамилијарната традиција, т.е. традицијата во фамилијата браковите секогаш да се склучуваат со припадник-чка од иста религија.

## РЕЛИГИОЗНОСТ И ТОЛЕРАНЦИЈА

Влијанието на степенот на религиозност кај младите врз толерантноста кон припадниците на другите конфесии ќе го согледаме преку одговорите на двете прашања: “Дали посакувате да живеете во средина со население од различна етничка припадност “ и “Дали посакувате да живеете во средина со население со различна верска припадност“ дадени во табелата 12 и 13.

## Верската припадност и толеранцијата

## Табела 12

| | Дали посакувате да живеете во средина со различна етничка припадност | | | |
|---|---|---|---|---|
| ВЕРСКА ПРИПАДНОСТ | Да | Не | не знам | |
| ПРАВОСЛАВНА | 49.7 % | 30.1 % | 20.2 % | 100 % |
| ИСЛАМСКА | 45.9 % | 25.4 % | 28.7 % | 100 % |

Од податоците во табелата 12 се гледа дека желбата за заеднички живот на исто место со луѓе од различна етничка припадност е присутна кај двете религиски групи. Така, на пример: 49.7% од испитаниците од православна вероисповед потврдно се изјасниле за оваа прашање, додека од испитаниците од исламска вероисповед 45.9%. Како причини за ваквиот став се наведуваат: природните, културните и образовните причини. За природните причини сакам да кажеме дека во нашиот регион спонтано или на друг начин не постоело населено место каде што живееле припадници само од една етничка група, туку населението било мешано. Кај културните причини целта е запознавање на различни мислења и однесувања кои постојат кај различните етнички групи. Во образовните причини целта е јазикот, т.е.познавањето или зборување на повеќе јазици. Негативно за ова прашање се изјасниле: 30.1% православни и 25.4% муслимани. Како причини се истакнуваат: местото на живеење, создавањето на лошо мислење и создавањето на лоша слика за некоја етничка група без оправдани причини. Кога е во прашање местото на живеење како причина се наведува немањето контакти со другите етнички групи. Ова е видливо кај ученици што потекнуваат од далечни места без разлика дали се села или мали градови кои поради оправдани причини не можат да имаат контакт со други населени места кои се различни по етничкиот состав на

населението. Што се однесува до мислењето кое се создава од самите припадници на различните етнички групи да кажеме дека тоа се формира поради неправедно мислење или работење во меѓусебните односи. За третиот фактор, пренесувањето на лоша слика за некоја етничка група, сакам да кажеме дека е последица на етнички фанатизам и слабата информираност околу реалноста на таа етничка група.

## Материјалниот статус на домаќинствата и ставот спрема толеранцијата

## Табела 13

| Дали посакувате да живеете во средина со различна религиозност | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Материјален статус | Да | не | не знам | |
| Низок | 91.4 % | 1.2 % | 7.4 % | 100 % |
| Среден | 88.1 % | 10.9 % | 1 % | 100 % |
| Висок | 79.5 % | 20.5 % | 0 % | 100 % |

Од податоците во табелата 13, видлива позитивноста на испитаниците за прашањето: "Дали посакувате да живеете во средина со различна религиозност". Нискиот слој најмногу се истакнува за оваа прашање со 91.4%, средниот слој со 88.1% и високиот слој со 79.5%. Негативно за ова прашање се изјасниле: од нискиот слој 1.2%, од средниот слој 10.9%, додека од високиот слој 20.5%. Како главна причина за потврден одговор на ова прашање се истакнува мултирелигискиот карактер на нашето општество, а како втора причина позанавањето и почитувањето на различните религиски обичаи. Како причини за негативниот одговор на прашањево се наведуваат: кај нискиот слој местото на живеење, т.е. тоа дека не живееле со припадници од различни религии; кај средниот слој е интересно дека религијата се наведува како причина, односно

немањето исти правила околу начинот на манифестирање на религиските должности, на пр.: исламот го забранува виното (и сите видови алкохолни пијалаци) додека кај христијаните тоа претставува света работа-Исусовата крв; кај високиот слој се истакнуваат религискиот радикализам и непознавањето на елемантарните суштини на религијата. Од податоците во табелата јасно се гледа дека поголем е бројот на тие кои се изразиле потврдно за ова прашање дека сакаат да живеат во средина со различни етнички групи. Со ова се утврдува дека кај младите средношколци во градот Скопје постои голем и реален интерес за мултиетничка и мултирелигиозна средина.

## ОБЛИЦИ НА МАНИФЕСТИРАЊЕ НА РЕЛИГИОЗНОСТА И ВЛИЈАНИЕТО НА РЕЛИГИИЈАТА СПРЕМА ЕТНИЧКИТЕ ОДНОСИ

Постоењето и почитувањето на различните етнички симболи, јазици и други етнички облици претставуваат основни столбови за соживот и мир во секое општество. Во табелата 16 се изнесени податоците од испитаниците на двете религиски групи: православна и исламска и нивниот одговор на прашањето: "Дали посакувате да работите во средина со етничка различност" Од добиените резултати изнесени од двете религиски групи јасно се гледа дека желбата да се работи во средина со етничка различност е прифатена од младите средношкулци во Скопје.

## Верската припадност и влијанието на религиозноста на етничките односи

### Табела14

| | Дали посакувате да работите во средина со етничка различност | | | |
|---|---|---|---|---|
| ВЕРСКА ПРИПАДНОСТ | Да | Не | Не знам | |
| ПРАВОСЛАВНА | 45.4 % | 10.1 % | 35.5 % | 100 % |
| ИСЛАМСКА | 57.2 % | 20.3 % | 22.5 % | 100 % |

На прашањето: "Дали посакувате да работите во средина со етничка различност", дури 45.4% испитаници од православна вероисповед и 57.3% испитаници од исламска вероисповед позитивно се изјасниле. Кај двете групи причините за позитивното мислење се исти. Како прво, се истакнува традиционалното постоење на работни групи составени од различни етникуми, а како второ се истакнува мултиетничкиот карактер на самото општество. Што се однесува до бројката на испитаниците кои негативно се изјасниле на ова прашање таа е 10.1% кај испитаниците од православна вероисповед и 20.3% кај испитаниците од исласмска вероисповед. Како причини кои постојат кај двете групи за ваквиот одговор се наведуваат: непотизмот, т.е. вработување на најбликите членови од семејството и непознавањето на јазиците на различните етнички групи. Од податоците наведени во табелата 14 јасно се гледа дека е поголем бројот на тие средношколци во градот Скопје кои посакуваат (прифаќаат) да работат во мешана етничка средина отколку на тие кои не прифаќаат.

## Материјалниот статус во домаќинствата и влијанието на религиозноста на етничките односи

## Табела 15-

| ВЕРСКА ПРИП. | Материјален статус | Дали посакувате да работите во средина со етничка различност | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Да | Не | Не знам | |
| ПРАВОСЛАВНА | низок | 96.1 % | 0 % | 3.9 % | 100 % |
| | среден | 87.1 % | 2.9 % | 5.6 % | 100 % |
| | висок | 75.5 % | 10 % | 14.5 % | 100 % |
| ИСЛАМСКА | низок | 97.6 % | 0 % | 2.4 % | 100 % |
| | среден | 93.3 % | 3.8 % | 2.9 % | 100 % |
| | висок | 80.9 % | 9.6 % | 9.5 % | 100 % |

Во табелата 15 се изнесени одговорите на младите средношколци во Скопје врз основа на нивната материјална состојба. На прашањето: "Дали посакувате да работите во средина со етничка разлика", испитаници од православна вероисповед што одговориле потврдно од нискиот слој се 96.1%, од средниот слој се 87.1%, додека од високиот слој се 75.5%. Испитаници од исламска вероисповед кои, исто така, потврдно одговориле на оваа прашање од нискиот слој се 97.6%, од средниот слој се 93.5%, додека од високиот слој се 80.7%. Главна причина за позитивното мислење на сите слоеви кај двете религиски групи е: економската состојба, т.е. намалувањето на сиромаштијата. За ова сакам да кажеме дека бројот на невработени лица е голем кај двете религикски групи со различна етничка припадност и при вработување на тие лица кои имаат потреба од работа не се зема предвид етничката припадонт, туку целта за намалување на невработеноста. Што се однесува до негативниот одговор даден од страна на испитаниците како причини се истакнуваат: непотизмот и етничкиот фанатизам. Со непотизмот целта е

вработување на поблиските членови од фамилијата, пр.: брат, сестра и сл. За етничкиот фанатизам да кажеме дека одреден број работодавци вработуваат лица по етничка линија иако за тоа работно место има потреба од припадник на друга етничка група кој, пак, има потреба од обезбедување на елементарните услови за живот. Од податоците во табелата 15 видливо е дека бројот на испитаниците од двете религиски групи кои се изјасниле позитивно е значително поголем од бројот на тие кои се изјасниле негативно. Податоците, исто така покажуваат дека етничките односи кај младите средношколци во Скопје се позитивни.

## Облици на манифестирање на религиозноста ( познавањето на теолошката доктрина)

### Табела 16-

| Верска припадност | Што е "царство небесно" | | | Кој е првиот исламски шарт | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Точен одговор | Не точен одговор | без одговор | Точен одговор | Не точен одговор | без одговор | |
| ПРАВОСЛАВНА | 60.2 % | 18.3 % | 21.5 % | | | | 100 % |
| ИСЛАМСКА | | | | 80.2 % | 13.3 % | 6.5 % | 100 % |

Во табелата 16 се опфатени прашањата и одговорите од сегментот: познавањето на сопствената религија. Во оваа табела се анализира општото (глобалното) познавање на сопствената религија кај двете религиски групи, од исламка и православна вероисповед, кај младите средношколци во градот Скопје. Во табелата се обидовме застапеноста на овој сегмент да ја согледаме со анализирање на одговорите од само едно прашање за испитаниците од исламска вероисповед и едно прашање за испитаниците од православна вероисповед. На прашањето: што е царство небесно, точно одговориле 60.2% од испитаниците од православната вероисповед, а неточно одговориле 18.3%. Причините за точниот

одговор кај испитаниците од христијанска вероисповед се: религиски и културни. Според христијанската религија секој христијанин првите познавања за религијата ги почнува со учењето на тоа што е царство небесно. За културната причина сакам да кажеме дека елементарна, општа култура е секој припадник на христијанството да знае што е царство небесно. Како причина за неточниот одговор на оваа прашање се наведува: слабото познавање на религијата, т.е. кај овие млади испитаници доминираше мислењето дека се традиционални христијани, но не покажуваа интерес за познавање на религијата. Испитаниците од исламска вероисповед на прашањето: "Кој е првиот исламски шарт" точно одговориле 80.2%, а неточно 13.3%. Причините за позитивниот одговор кај испитаниците од исламска вероисповед се: религиски и културни. Целта на исламската религија е да научи дека шехадетот-сведочењето е темелот на исламската вера и првата работа на секој родител е да го научи своето дете за искажувањето на шехадетот-сведочењето. За културната причина да кажеме дека елементарна култура е секој муслиман да знае кој е првиот исламски шарт-услов. Како причини за неточниот одговор се наведуват: слабото познавање на религијата и нередоследното знаење на петте исламски шартови-услови. Причината за слабото знаење на религијата од страна на овие млади потекнуваа од семејствата кои повеќе се насочени кон обезбедување на други услови: национални, еконосмки и други. За недоволното знаење на религијата потврдуваат овие млади средношколци кои ги знаат петте исламски шартови, но не со правилен редослед, на пример: наместо шехадетот-сведочењето да го напишат прв тие го пишуваат како втор или трет. Од добиените резултати видливо е дека младите средношколци во Скопје имаат доволно познавање за сопствената религија. Ова е јасен показател дека младите средношколци со поголемото познавање на сопствената религија придонесуваат за почитување и вреднување на верските обичаи како од нивната релиигрја така и од религијата на другите религиски групи различни од нив.

## Облици на манифестирање на религиозноста-
## ( познавањето на теолошката доктрина)

**Табела 17**

| ПОЛ | Кој е вториот исламски шарт | | | Кој од наведените поими ја означува светата тајна | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Точен | не точен | без одговор | Точен | Не точен | без одговор | |
| машки | 66.3 % | 14.2 % | 19.5 % | 32.1 % | 40.2 % | 27.7 % | 100 % |
| женски | 65.6 % | 17.8 % | 16.6 % | 45.9 % | 22.3 % | 31.8 % | 100 % |

Во табелата 17 се опфтени прашањата и одговорите на уште еден сегмент на религизоноста, а тоа е: "Познавањето на теолошката доктрина на сопствената религија". Со оглед на разликите во теолошките доктрини на двете религиски групи и неможноста испитаниците од исламска и православна вероисповед да одговарат на исти прашања се обидовме застапеноста на религиозноста со овој сегмент да ја испитуваме кај испитаниците со анализирање на одговорите од две прашања за испитаниците од едната и другата религиска група. Од добиените резултати се гледа дека познавањето на религиските норми во овој сегмент е висок. Врз основа на добиените резултати заклучуваме дека машкиот пол од испитаниците со православна вероисповед покажа помало знаење за теолошката доктрина (32.5%). На прашањето: "Кој од наведените поими ја означува светата тајна?" испитаниците од женскиот пол покажаа поголемо знаење (45.9%). На прашањето: "Кој е вториот исламски шарт?", испитаниците од исламската вероисповед од машкиот пол покажаа поголемо знаење: точно одговориле 66.3%, а неточно 14.4%, додека кај испитаниците од женскиот пол на оваа прашање точно одговориле 65.6%, а неточно 17.6%. Како причини за точниот одговор кај двата пола од двете религиски групи се наведуваат: религијата и практикувањето на религијата. Со ова сакаме да кажеме дека познавањето и пренесувањето на

религиските вредности од родителите на нивните деца има голема улога во познавањето на религиските норми, во овој контекст и точно да одговараат. Исто така, и интересот на младите средношколци за подлабоко познавање на религијата претставува причина да се зголеми знаењето на религиските вредности при што истовремено се зголемува и нејзиното пракатикување. Причини за неточниот одговор се: слабото познавање и практикување на религиските норми, слабото интересирање на семејството за познавање и пренесување на религиските вредности кај децата како и слабото интересирање на самите млади за познавањето и практикувањето на религиските норми.

Влијанието на религиозноста кај младите во градот Скопје врз зачестените контакти со припадниците на другите религиски групи ќе ги согледаме со одговорите на прашањето: дали вашиот најдобар другар-ка е припадник на иста вера како и вашата?, и ќе ги дадеме во следната табела.

## ЗАКЛУЧОЦИ ОД СПРОВЕДЕНОТО АНКЕТНО ИСТРАЖУВАЊЕ

Религијата има важно влијание во човечкиот живот и човековата историја. Религијата е еден од најстарите општествени феномени кој имал голема улога во формирањето на културата на човекот. Со своите принципи како што се: верувањето во Бог, ангели, свети книги и спроведувањето на религиските морални правила секогаш била прифатена и актуелна во животот на човекот. Верувањето било присутно во секое време и општество без разлика во што верувале: во апсолутни или релативни битија. Зголемувањето на интересот за религијата е видливо и во нашево општество по периодот на комунизмот. Зголемување на интересот за религијата има и кај младите средношколци во градот Скопје. Младите средношколци нивниот интерес за религијата го изразуваат на различни начини: преку следење на религиски курсеви, организирање на религиски манифестации и организирана или сопствена помош за верските објекти. Како главен феномен кај младите средношколци кога е во прашање религијата е

интересот за практичниот дел, односно спроведувањето на религиските норми покрај интересот за познавање на теоретскиот дел. Верувањето во Бог има голема улога кај секој верник, во овој случај и кај младите средношколци бидејќи тоа те поврзува со апсолутното битие и претставува духовно смирување. Верувањето дека се што постои е создадено од Бог младите средношколци ги прави горди бидејќи се чувствуваат за Божји суштества. Освен верувањето, како втор фактор за манифестирање интерес спрема религијата се религиските морлани правила. Моралот претставува целина од правила што регулираат човечки односи во општество. Кога се во прашање религиските морални правила младите средношкоци покажуваат поголем интерес бидејќи во нив има свети правила, т.е. Божји правила за човекот, правила кои го учат човекот како треба да се однесува прво, спрема своето себство, потоа да биде толерантен спрема луѓето и како да се однесува спрема Бога, природата, родителите. Сознанието дека овие религиски морални правила потекнуваат од Бог влијае и во сериозно прифаќање од страна на младите средношколци, односно се создава поголема одговорност за нивно споревадување бидејќи се објавени од Бог. Другите религиски морални правила како што се: немој да лажеш, немој да крадеш, немој да убиваш, ќе одговараш и други, претставуваат повисок степен на писменост кај младите средношколци за религиските норми. Ова, исто така, придонесува младите да формираат карактер кој ќе одликува со позитивни особини како, на пример: да се намалат лошото однесување, убиствата, злоупотреба на туѓо богатство и други.

Религијата со своето учење дека човекот потекнува од човек придонесува да се формира мислењето дека сите сме луѓе, ова, исто така е причина да се има позивтивен став спрема различните категории луѓе во општеството, т.е да се зголеми почитта на етничките, верските и други различности кои постојат во секое општество. Оваа учење, инаку е и причина младите средношколци да имаат универзален поглед во нивниот живот кога се во прашање односите со луѓето, врз кој омразата или некој друг фактор кој е негативен нема големо влијание.

Постоењето и почитувањето на различни религии во нашето општеството претставуваат религиско и културно богаство кај младите средношколци бидејќи се изразува толерантноста и глобалната комуникација помеѓу различните правила и норми на различните религии. Ова културно религиско богатство игра голема улога и во почитувањето на верските објекти бидејќи тие се религиски школи каде што се учат религиските знаења, истовремено тие се и свети места каде се обожава Бог и се извршуваат религиски обичаи. Постоењето и прославувањето на религиските празници има голема улога во формирањето на позитивно однесување кај верниците и кај младите средношколци. Комуникацијата помеѓу различните религиски групи при одбележувањето на религиските празници верниците ги прави почувсвителни во почитувањето на религијата и поблиски со припадниците од другите религиски групи. За време на прославување на празник од една религиска група, припадниците на другите религиските групи се запознаваат со религиските вредности на другите кои не се како нив. Овие моменти, исто така влијаат за поголемо приближување на различните религиски групи и подлабоко запознавање на различните религски ритуали, обичаи и друго.

## ОПШТИ ЗАКЛУЧОЦИ

Од претходната анализа во која беше анализирана религиозноста, т.е. нејзиното влијание и нејзините облици на манифестирање, улогата на субјектите во верските обреди, како и влијанието на религиозноста на етничиките односи кај младите во градот Скопје, можат да се изведат следниве заклучоци:

1. Степенот на религиозноста кај младите средношколци во градот Скопје е на многу високо ниво. Верувањето на младите во светото, како и прифаќањето на религиските модели на однесување во општеството, кои потекнуваат од моралниот сегмент на религијата, се оние елементи кои се доста застапени и слобдно може да кажеме дека се во голема мера целосно прифатени од младите споредбено со

релгиското практикување или познавањето на религиската база-доктрина на сопствената религија. Потпирајќи се на овие сегменти од религиозноста може да заклучиме дека значително е поголем бројот на средношколската младина со висок степен на религиозност наспрема оние кои се со среден или низок степен на религиозност. Од самиот начин на прифаќање на религијата од страна на младите средношколци во градот Скопје може да заклучиме дека преовлдуваат традиционални верници.

2. Степенот на религиозноста кај младите влијае мошне силно врз зачестеноста на контактите со припадниците на другите конфесионални заедници. Зачестените контакти секогаш имале позитивни последеци бидејќи се разменуваат и се запознаваат различни религиски вредности. Овие контакти се забележуваат во изборот на најдобриот другар-ка, како и при изборот на брачниот другар. Со зголемувањето на степенот на религиозноста кај младите се повеќе се зголемува ѕидот кога е во прашање брачиот партнер, пред се поради потомците, односно прашањето дали децата да бидат идентификувани како припадници на религијата на која е припадник таткото или на религијата на која е припадник мајката. Меѓутоа, младите средношколци кога е во прашање најдобриот другар или другарка се изјасниле позитивно за контактите со припадниците од другите, различни религии. Исто така, степенот на религионоста кај младите влијае врз толерантноста кон припадниците на другите конфесии. Кај младите средношколци во градот Скопје со повисок степен на религиозност се повеќе преовладуваат ставовите дека спрема другите пипадници на различните релгии треба внимателно да се однесуваме со цел да се избегне секаков вид потценување и понижување на припадниците на другите религии.

3. Религиозноста не само кај младите средношколци, туку и кај другите луѓе влијае врз создавањето на вредносниот систем во зависност од социјалното потекло, односно материјалниот статус на домаќинствата од кои потекнуваат младите, т.е. средношколската младина во градот Скопје. Со зголемувањето на материјалниот

статус се намалува релиозното влијание кај некои млади, но, сепак, во повеќето случаи материјалниот статус нема влијание врз степенот на религиозноста и тој останува ист, висок степен, но со различен пристап или форма.

4. Младите средношколци, без разлика дали се од исламската или христијанска религија, многу малку се активни или ангажирани во општествено- политичките организации и заедници. Но, од аспект на вкупната религиозност, односно степенот на религиозност видливи се одредени разлики во врска со активноста на младите. Можеме да заклучие дека и покрај влијанието на другите фактори, со зголемувањето на степенот на религиозноста кај мадите се намалува и активноста на испитаниците во работата на општествено-политичките организации и заедници. Тоа пред се се должи на запоставувањето на младите од страна на општествено-политичките структури. Сепак, може да заклучиме дека со зголемувањето на степенот на религиозноста се зголемува и чувството за толерантност и почитување на другите религиски вредности и за почитување на сите луѓе без разлика на нивниот економски статус, раса или некоја друга разлика.

## Библиографија


- Albanese, L. Catherine. 2004. *Amerika religije i religija.* Sarajevo: Bemust
- Ацески, Илија. 2008. *Социолошки огледи,* Скопје: Филозофски Факултет
- Arnold, Томас. 1990. *Povijest Islama-historiski tokovi misije.* Sarajevo: Izvor i razvoj
- Barnes, Hari Elmer. 1982. *Uvod u istoriju sociologije.* Beograd: BIGZ
- Barth, Fredrik,Етничке Групе и њихове Границе,2004
- Benc, Ernst. 2005. *Nove religije,* Beograd: Čigoja
- ________. 1991. *Duh i život istočne crkve.* Zagreb: Stvarnost
- Berlinger, J. Gerhard. 2004. *Veliki leksikon religija.* Beograd: Letno doba
- Бикај, Морис. 2003. *Библијата, куранот и науката.* Скопје: Логос-А
- Dirkem, Emil. 1982. *Elementarni oblici religiskog života.* Beograd: Prosveta
- Дјурант, Вил. 2004. *Доба вере.* Београд: Народна књига
- Донини, Амброгио. 1964. *Преглед повијести религије.*Загреб: Напријед
- Ѓурѓевиќ-Стојковиќ, Билјана. 2002. *Верске секте.* Београд: Народна кнjига Алфа
- Елијаде, Мирча. 1996. *Водич кроз светске религије.* Београд: Народна књига Алфа.
- Заниновић,Марио,Опća повијест педагогије.1999,Загреб
- Ивана, Видановиса „Речник социјалног рада“, Beograd,2001
- Gidens, Entoni. 2001. *Sociologija.* Podgorica: Romanov
- Гијом, Алфред. 2001. *Ислам.* Скопје: Култура
- Goldman, Lisjen. 1980. *Skriveni Bog.* Beograd: BIGZ
- Grupa avtori. 2002. *Osnivači velikih religija.* Beograd: Toper Book

- Hamilton, Malkolm. 2003. *Sociologija religije,* Beograd: Clio
- Изетбеговиč, Алија. 2005. *Исламоū ūомеѓу исѿокоѿ и заūадоѿ.* Скопје: Логос-А
- Јукиќ, Јаков. 1997. *Лица и маске свеѿоīа.* Загреб: КС
- Kant, Immanuel.1960.*Religion within the limits of reason alane.*Open court publishing
- Kamali, Hasim Myhamed. 1994. *Freedom of Expression in Islam.* Kuala Lumpur-Malezija: Beritta
- Kembridz. 2006. *Ilustrovana istorija religije.* Novi Sad: Stylos
- Kloskovska, Antonjina. 2005. *Sociologija Kulture.* Beograd: Čigoja
- Krešić, Andrija. 1981. *Filozofija religije.* Zagreb: Naprije
- Koneski,Blaze,1981,Za literaturata I kulturata.Beograd
- Лукић, Родомир. 1982. *Социолоīија морала.* Београд: Научна књига

- Малиновски, Бронислав. 1971. *Маīија, наука и релиīија.* Београд: Просвета
- Матевски, Зоран. 2005. *Релиīиска ѿолеранција у мулѿиеѿничкој и мулѿиконфесионалној Реūублици Македонији.* Во: Религија у мултикултурном друштву. Нови Сад: Филозофски факултет
- _______. 2005. *Sociological Analysis of the Religious Situation in Macedonian Pos-Communist Society.* In Anthology: Religion and Politics, Blagoevgrad: South West University "Neofit Rilski"
- _______. 2007. *Religion in multicultural society.* In Collective article: Sociological Horizons. Blagoevgrad: Sout-West University "Neofit Rilski"
- _______. 2007. *Religious dialogue and tolerance-theoretical and practical experiences of differences and similarities.* In Monograph: Politics and Religion. Beograd: Center for study of Religion and religious tolerance

- _______. 2008. *The challenges of Sociology of Religion after 1991*. In Anthology: The sociology of religion in the Former Yugoslav Republics. Nis: JUNIR
- Merton,Rajan , 1949, Social theory and social structure,САД
- Menj, Aleksandar. 2005. *Istorije religije,* Beograd: Plato
- Milošević, Nikola. 1998. *Pravoslavlje i demokratija.* Novi Sad i Beograd: Prometej i Tersit
- Младеновски, Ѓорѓе. 2005. *Антрополошки огледи.* Скопје: Аз-Буки
- Klaic, Nada.2009.Povijest Hrvata u ranom srednjem vjeku,Zagreb
- Слависа Орлович,книга:етничка сукоба у ЕУ,2009,Београд.
- Schwanitz,Dietrich,Opca kultura,2000, Zagreb
- Spiro, Melford.1987.*Religion: Problems of definition and explonation.*Chicago: University of Chicago press
- Schmid, Wilhem. 1972. *The origin and grouth of religion.*New York: Coper square publishers
- Pajaziti, Ali. 2003. *Ese sociologjike*, Shkup: Logos-A
- Pavičević, Vuko. 1988. *Sociologija religije*. Beograd: BIGZ
- Popadić,Dragan,2005,Etnicitet I etnicki grupi,zagreb
- Peters, E. Francis. 1994. *Muhammad and origins of Islam*. New York: Sonny Press
- Petrović, Sreten. 1995. *Mitologija, kultura, civilizacija*. Beograd: Čigoja i Salus
- Rajić, Ljubiša. 2003. *Fundamentalizam, cilj ili sredstvo*. Во Religijski dijalog, drama razumevanja. Beograd: Beogradska Otvorena Škola

Становчиќ, Воислав. 2003. *Политичке идеје и религија*. Београд

- Ташева, Марија,2009,Социолошка Ревија,Етничкиот идентитет и и етничкиот статус.Американските искуства, kniga broj 1,1996
- TućićNikola,spisanije Republika broj 206,2002,Beograd

- Filipović, Marjan.1995. *Rjecnik stranih rijeci.* Загреб: Medicinska Knjiga
- Шушњиќ, Ѓуро. 2007. *Методологија.* Београд: Чигоја
- Вебер, Макс. 1997. *Сабрани списи о социологији религије.* Нови Сад: Зорана Стојановиќа
- *Veliki leksikon religija.* 2004. Beograd: Lento
- Vernon, Glen. 1962. *Sociology of Religion.* New York: McGraw-Hillbook Company
- Вукомановиђ, Милан. 2001. *Свето и мноштво изазови религиског плурализма.* Београд: Čigoja
- __________________. 2003. *Запад и ислам.* Во: Религијски дијалог, драма разумевања. Београд. Београдска Отворена школа

Yinger, Milton. 1970. *The Scientific Study of Religion.* London: Routledge

# ПРИЛОЗИ

## Прилог 1

## V Прашалник

За анктетирање на учениците во средните училишта во Скопје во рамките на истражувањето "Влијанието на религијата врз мултиетничките односи кај младите во Скопје„

-Магистерски труд-

Целта на оваа анкета е да го осознаеме мислењето на младите во Скопје во врска со влијанието на религијата врз мултиетничките односи кај младите. Резултатите добиени по пат на оваа анкета ќе бидат искористени за научни цели, поединечни резултати нема да се обработуваат, ниту да се објавуваат. Ве молиме да одговорите на сите прашања искрено и потполно. Анкетата е анонимна и прашалникот не треба да се потпишува. На прашањата треба да се одговори со заокружување само на еден од понудените одговори. Ви се заблагодарувам за соработката.

1.Пол

а. машки

б. женски

2. Место на живеење

а. град

б. село

3. Школска година

а. прва

б. втора

в. трета

г. четврта

4. Со каков успех сте ја завршиле претходната школска година

а. одличен

б. многу добар

в. добар

г. доволен

5. Национална припадност

а. македонска

б. албанска

в. турска

г. друга-која? __________

6. Верска припадност-верска припадност според родителите

а. православна

б. исламска

в. без верска припадност

г. друга-која? __________

7. Образование на таткото

а. основно образование

б. средно образование

в. вишо,високо образонание

г. магистер-доктор

д. без образование

8. Образование на мајката

а. основно образование

б. средно образование

в. вишо,високо образонание

г. магистер-доктор

д. без образование

9. Занимање на таткото

а. земјоделец

б. неквалификуван и полуквалификуван работник

г. квалификуван и висококвалификуван работник

д. слубеник со средна стручна спрема

ѓ. припадник на интелектуална елита (професор, доктор, инженер)

е. невработен

ж. друго- што? _________

10. Занимање на мајката

а. домаќинка

б. неквалификуван и полуквалификуван работник

г. квалификуван и висококвалификуван работник

д. слубеник со средна стручна спрема

ѓ. припадник на интелектуална елита (професор, доктор, инжињер)

е. невработена

ж. друго- што? _________

11.Според ваше мислење на кој слој вие и вашето семејство припаѓате?

а. сиромашен слој (со вкупен месечен приход од 12.000 ден)

б. среден слој (со вкупни месечни приходи од 12.000 до 20.000 ден)

в. висок слој (со вкупен месечен приход над 20.000 ден)

г. без одговор

12. Во Бога треба да се верува?

а. не се согласувам

б. не знам

в. се солгласувам

г. без одговор

13.Според религијата Бог е творец на се што постои?

а. не се согласувам

б. не знам

в. се солгласувам

г. без одговор

14. После минливиот овоземсkи живот дали не чека друг живот?

а. да

б. не

в. не знам

15. Дали религијата поседува морални вредности?

а. да

б. не

г. не знам

16. Почитувањето на религиските закони му помага на човекот да го осмисли овоземскиот живот и да обезбеди вечен живот и мир?

а. не се согласувам

б. не знам

в. се согласувам

г. без одговор

17. Секој кој ја почитува религијата, не смее да лаже, краде и проневерува?

а. не се согласувам

б. не знам

в. се согласувам

г. без одговор

18. Дали религијата ги подобрува етничките односи?

а. не се согласувам

б. не знам

в. се согласувам

г. без одговор

За испитаниците од македонска православна вероисповед

19. Колку често го посетувате религискиот храм?

а. никогаш

б. некогаш

в. редовно

г. без одговор

20. Дали ви пречи присуството на други религиски припадници во црква?

а. да

б. не

в. без одговор

21. Дали посакувате присуство на други религиски припадници во вашата куќа за убави моменти?

а. да

б. не

в. не знам

г. без одговор

22. Дали посакувате верските празници да ви ги честитаат други религиски групи?

а. да

б. не

в. не знам

г. без одгвор

23. Дали посакувате националните празници да ви ги честитаат други национални припадници?

а. да

б. не

в. не знам

г. без одгвор

24.Дали ви пречи постоењето на други религиски групи?

а. да

б. не

в. не знам

г. без одговор

25. Дали посетувате други религиски објетки?

а. да

б. не

в. некогаш

26. Дали придонесувате за подобрување на меѓурелигиски односи во вашето училиште и воопшто?

а. да

б. не

в. без одговор

27. Дали придонесувате за подоборување на етничките односи во вашето училиште и воопшто ?

а. да

б. не

в. без одговор

28. Секој кој верува во Бог, не смее да лаже и проневерува поради материјална корист?

а. не се согласувам

б. не знам

в. се согласувам

г. без одговор

За испитаниците од исламска вероисповед

29. Дали одите редовно во џамија?

а. никогаш

б. повремено

в. редовно

г. без одговор

30. Дали вашите родители одат во џамија?

а. никогаш

б. повремено

в. редовно

г. без одговор

31. Дали клањате намаз?

а. никогаш

б. повремено

в. редовно

г. без одговор

32. Дали го постите светитот месец Рамазан?

а. никогаш

б. повремено

в. редовно

г. без одговор

33. Дали вашите родители даваат зеќат?

а. никогаш

б. повремено

в. редовно

г. без одговор

34. Почитувањето на верските закони го подобрува човечкиот морал?

а. не се согласувам

б. се согласувам

в. не знам

г. без одговор

35. Дали читате верска литература (книги, списанија)

а. никогаш

б. некогаш

в. редовно

г. без одговор

36. Дали поканувате другари од друга верска пирпадност за Бајрам и други верски празници?

а. никогаш

б. некогаш

в. редовно

г. без одговор

37. Дали вашиот најдобар-ра другар-ка е припадник на иста вера како и вашата?

а. да

б. не

в. не знам

38. Дали би стапиле во брак со лице припадник на друга вера?

а .да

б. не

в. не знам

39.Дали посакувате да живеете во средина со религиозна различност?

а. да

б. не

в. не знам

40. Дали посакувате да работите во средина каде има етничка различност?

а. да

б. не

в. не знам

41. Дали читате книги со општествено-научна содржина (социолошки, психолошки)

а. никогаш

б. некогаш

в. редовно

г. без одговор

42. Дали жалите за неубавите случувања помеѓу младите поради верски или етнички разлики?

а. да

б. не

в. не знам

43. Дали ви пречи професор од друга етничка припадност?

а. да

б. не

в. не знам